*Стандарден Евробарометар*

Европска комисија

EUROBAROMETER

# ЕВРОБАРОМЕТАР 71

## ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ПРОЛЕТ 2009

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**Former Yugoslav Republic of Macedonia**

Стандарден Евробарометар 71 / Пролет 2009 – TNS Opinion & Social

Ова истражување го нарача Генералниот директорат за комуникации на Европската комисија.

Овој извештај е подготвен за Делегацијата на Европската комисија во поранешна југословенска Република Македонија.

Овој извештај не го претставува гледиштето на Европската комисија.
Толкувањата и мислењата кои се содржани се исклучиво на авторот.

**Вовед**

**1. Климата во јавното мислење**

1.1. Задоволство од животот
1.2. Перцепција на актуелните состојби и краткорочни очекувања
1.3. Колку најважните прашања со кои се соочува земјата ги погодуваат граѓаните?
1.4. Перспективи на семејствата во услови на криза
1.5. Доверба во националните институции и во ЕУ

**2. Влијанието на светската економска и финансиска криза врз земјата**

2.1. Колку националната економија е под влијание на глобалната криза?
2.2. Кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против последиците од финансиската и економската криза?
2.3. Најважни лични приоритети
2.4. Како до добра работа сега и во иднина?

**3. Како граѓаните гледаат на членството во ЕУ**

3.1. Членството во ЕУ - добра или лоша работа?
3.2. Придобивки од членство во ЕУ
3.3. За или против проширувањето на ЕУ
3.4. Претстава за ЕУ

**4. Чувства кон ЕУ и идентитет**

4.1. Позитивни или негативни чувства кон ЕУ
4.2. Перцепција на елементите на европскиот идентитет
4.3. Основа на личниот идентитет
3.4. Чувство на прифатеност од ЕУ

**5. Иднината на Европската Унија**

5.1. Оптимистичка или песимистичка визија за иднината на ЕУ
5.2. Каков ќе биде животот на европските граѓани
5.3. Двете најважни прашања во земјата во 2030 година
5.4. Толеранција за малцинствата во ЕУ

**6. Предизвиците на глобализацијата**

6.1. Каков предизвик е глобализацијата?
6.2. ЕУ заштита од негативните ефекти од глобализацијата
6.3. Глобализацијата - добра можност или закана за земјата?
6.4. Како земјата да се соочи со главните глобални предизвици?

**Заклучок**
**Технички спецификации**
**Прашалник**

## Вовед

Истражувањето на јавното мислење Стандард Евробарометар се спроведува двапати годишно. Овогодишното, 71-во истражување на Стандардниот Евробарометар (ЕБ 71) беше спроведено во 27-те држави-членки на Европската Унија и во трите земји-кандидати – поранешна југословенска Република Македонија[1], Хрватска и Турција, како и во делот на Кипар кој е под турска управа, во периодот од 12 јуни до 7 јули 2009 година.

Нарачателот на Стандардниот Евробарометар е Општата управа за комуникации на Европската комисија, а го спроведе конзорциумот TNS Opinion & Social, кој го сочинуваат Taylor Nelson Sofres и EOS Gallup Europe. Во поранешната југословенска Република Македонија истражувањето го спроведе TNS Брима, членка на асоцијацијата Gallup International и на Taylor Nelson Sofres. Извештајот го напиша директорот на истражувања на Брима, Ѓорѓи Кимов.

Истражувањето опфати 26.796 испитаници во 27-те земји-членки на Европската Унија и во земјите-кандидати за полноправно членство во ЕУ.

Анкетарите го спроведуваа интервјуто во домовите на учесниците во ова истражување. Примерокот е репрезентативен за мислењето на граѓаните над 15 години и исто така е показател за ставовите и размислувањата на сите социјални, професионални и возрасни групи на населението во градовите и во руралните средини.

Овој извештај ги претставува резултатите од Евробарометарот спроведен во поранешната југословенска Република Македонија. Тој претставува незаменлив извор на информации за перцепцијата на граѓаните за Европската Унија, за нивните надежи и очекувања од Унијата. Со оглед на тоа дека се спроведува повеќепати годишно, истражувањето ги отсликува промените и различните трендови во јавното мислење во врска со важни теми за земјата и за Унијата, пред се за периодот јануари - јуни 2009, а за одредени прашања се однесува и на показателите од истражувањата спроведени во и пред 2008 година.

Податоците во ова истражување се претставени со графици и табели кои го отсликуваат јавното мислење во поранешната југословенска Република Македонија во споредба со јавното мислење кај европските испитаници (најчесто ЕУ27). За одредени важни прашања, прикажани се и социо-демографски анализи според пол, образование, професионален статус на испитаниците, тип на населено место итн. Читателот на овој текст треба да има предвид дека сите резултати на ова истражување се проценки, при што релијабилноста варира во зависност од големината на примерокот. Така, на примерок од 1.008 испитаници (колку што имаше во поранешната југословенска Република Македонија), границите на сигурност се следните:

| **Проценти** | 10% или 90% | 20% или 80% | 30% или 70% | 40% или 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Отстапувања** | ± 1,9 | ± 2,5 | ± 2,7 | ± 3,0 | ± 3,1 |

[1] Привремениот код на ниеден начин не ја прејудицира дефинитивната номенклатура за оваа земја која ќе биде договорена во согласност со заклучоците од преговорите кои се водат во Обединетите Нации.

Во ова истражување заокружувањето е прилагодено така што збирот на податоците секогаш изнесува 100. Различни методи се користени при заокружувањето на податоците во цели бројки и поради тоа во графиконите и во другите носители на податоците, прикажаните бројки може да се разликуваат за процент при собирањето на разни полиња.

Низ целиот текст, споменувањето на граѓаните на поранешна југословенска Република Македонија нема никаква етничка конотација. Изразот, пак, Европеец или европски испитаници се однесува на оние кои се граѓани на која било од државите-членки на Европската Унија. Кога во текстот се споменува кратенката „ЕУ27“, тоа ја претставува средната вредност на податоците за сите 27 земји-членки на Европската Унија.

„Новите земји-членки“ (или НМС12), кои се приклучија кон Унијата на 1 мај 2004, се Естонија, Кипар, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Унгарија и Чешката Република, како и Романија и Бугарија, кои се членови од петтото проширување на Унијата.

ЕУ15, или „старите земји-членки“ пред проширувањето во 2004, се Австрија, Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија, Луксембург, Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.

Во графиците и табелите се користени кратенки за држави и територии според редакцискиот кодекс на ЕУ прикажан во табела, во делот на технички спецификации од овој извештај.

Во периодот меѓу двата последни извештаи на Стандардниот Евробарометар (ЕВ70 и ЕВ71), настани од посебно значење за ЕУ се прогласувањето рецесија во економиите на одреден број земји-членки. Кон крајот на 2008 година кулминираше загриженоста на граѓаните во Унијата, по што во првата половина на 2009 година уследи период на стагнација на загриженоста и стравот кај јавноста од последиците на глобалната финансиска криза. Општата клима во јавноста е во знакот на неизвесност, но и на надеж за излез од кризата. На 1 јануари 2009, Чешката Република го презеде од Франција претседателството со ЕУ, кое на 1 јули 2009 и го предаде на Шведска.

Во периодот меѓу двата извештаја на Евробарометарот, домашната јавност го задржа ентузијазмот за приклучување на Унијата, но кај неа се наѕираат и знаци на колебање. Она што граѓаните го очекуваат како нешто извесно и со оптимизам е визната либерализација со земјите на Европската Унија.

Голема загриженост кај граѓаните во земјава предизвика соопштението за негативниот раст на БДП на земјата од -0.9% за првиот квартал од 2009 година и најавите дека се очекува тој тренд да продолжи и во вториот квартал од годинава. Како мерка за ублажување на последиците од кризата, Владата предложи, а Парламентот усвои два ребаланса на буџетот. Во политичката јавност и бизнис-заедницата се водеа полемики за ефектите од владините мерки, што ја обележа вкупната атмосфера во јавноста.

## 1. Климата во јавното мислење

### 1.1 Задоволство од животот

**● Притисокот на кризата го намалува задоволството од животот**

Најновиот Евробарометар покажува дека мнозинството граѓани во земјава (67%) се задоволни од животот што го живеат, наспроти 32% кои не се задоволни. Бројот на задоволни во земјите-членки на ЕУ27 е во просек за 10 процентни поени поголем (77%) – таму 22% од испитаниците не се задоволни од животот.

**Графикон број 1**




Анализата на резултатите покажува дека задоволството на граѓаните од животот, и во земјата и во Унијата, во голема мера зависи од тоа дали имаат тешкотии со плаќање на сметките на крајот од месецот. Мнозинството анкетирани во земјава чии семејства најчесто имаат проблеми со плаќање на сметките на крајот од месецот (54%) не се задоволни од животот, а 46% се задоволни. Наспроти нив, бројот на задоволни во семејствата кои никогаш или најчесто немаат проблеми со плаќање на сметките е значително поголем (87%), а незадоволни се само 12%. Слична е ситуацијата и во земјите на ЕУ - 56% од анкетираните кои имаат проблеми со плаќање на сметките се незадоволни, а 43% се задоволни од животот. Од оние кои немаат проблеми со плаќање на сметките, 88% се задоволни, а 11% се незадоволни. И покрај оваа сличност, климата во јавното мислење во земјава и во земјите на ЕУ27 се разликува, пред се, поради различната социјална стратификација. Во земјава, речиси трипати повеќе семејства најчесто имаат проблеми со плаќање на сметките во однос на просекот на ЕУ (31%;11%). Од друга страна, 33% семејства во земјава немаат проблеми со плаќање на сметките, а во ЕУ27 тоа е случај со 57%. Но, и во

рамките на земјите на ЕУ27 постојат значајни разлики. Во групата на постарите членки ЕУ9, 84% граѓани се задоволни, а 16% се незадоволни од животот, додека 20 процентни поени помалку граѓани се задоволни во новите членки од НМС12 (64%, а 35% се незадоволни). Истражувањето потврдува дека вкупната клима во јавното мислење е поврзана со нивото на животниот стандард на граѓаните.

Споредбата на резултатите од најновиот Евробарометар покажува дека бројот на задоволни од животот во земјава се зголемил за три процентни поени (64%; 67%), а бројот на незадоволните се намалил за четири процентни поени (36%; 32%).

Во истиот период, во земјите на ЕУ27 бројот на оние кои се задоволни од животот се намалил за три процентни поени (80%; 77%), а за два процентни поени се зголемил бројот на незадоволните (20%; 22%). Општа тенденција во земјите каде што бројот на задоволни граѓани е исклучително висок, нивниот број да останува непроменет - Данска (98%; 98%), Финска (96%; 96%) и Словенија и Чешка (82%; 82%) или незначително да се зголемува – Холандија и Шведска (95%; 96%). Во Белгија (89%; 91%), Кипар (83%; 85%) и Луксембург (92%; 96%) бројот на задоволни се зголемил за два до четири процентни поени. Во овој краток период, бранот на песимизмот предизвикан од глобалната економска и финансиска криза во најголема мера ги зафатил граѓаните на Португалија, каде за 12 процентни поени (63% ;51%) се намалил бројот на оние кои се задоволни од животот. Бројот на оптимистите се намалил за шест процентни поени во Шпанија (81%; 75%), за пет во Литванија (63%; 57%), Романија (52%; 47%), Грција и Унгарија (и во двете земји 49%; 44%) и за три во во Германија (87%; 84%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава, животниот оптимизам е најраспространет кај анкетираните со добра финансиска состојба во семејствата (88%), службениците (82%), менаџерите (79%) и младите (78%). Притисокот од кризата врз стандардот на граѓаните, на кој во поголема мера се изложени пониските социјални слоеви во земјата, го намалува задоволството од животот. Задоволството од животот е во значително помала мера присутно кај анкетираните со пониско образование и кај невработените (52%), анкетираните со лоша финансиска состојба во семејството (45%) и кај оние кои очекуваат да им се влоши финансиската ситуација во семејството во наредниот период (44%).

### 1.2. Перцепција на актуелните состојби и краткорочни очекувања

**● Перцепцијата на општествената ситуација е под силно влијание на последиците од светската криза**

<u>- Перцепција на актуелните состојби</u>

Перцепцијата на Европејците за актуелната општествена ситуација во првата половина од годинава (јануари - јуни 2009 г.) е под силно влијание на последиците од светската економска и финансиска криза. Во овој период кај домашната јавност најмногу се намалил бројот (за 6 процентни поени) на анкетираните кои оцениле дека нивната лична ситуација со работата е добра (45%; 39%) за сметка на зголемениот број на оние кои оцениле дека нивната лична ситуација со работата е лоша (48%; 51%) и на оние кои немале одговор на

ова прашање (7%;10%). Друга област каде позначајно се намалил бројот на анкетираните кои оцениле дека ситуацијата е добра, се однесува на оценката на економијата во ЕУ. Бројот на оние кои оцениле дека економијата во ЕУ е добра се намалил за четири процентни поени (49%; 45%). Од сите испитувани области, кај домашната јавност се зголемил само бројот на оние кои ја перципираат ситуацијата во светската економија како добра (37%; 40%).

Перцепцијата на состојбата како добра во останатите области се намалила за два процентни поени: националната економија (27%; 25%), финансиската ситуација во домаќинството (52%; 50%) и вработувањето (10%; 8%). Во овој период во земјите на ЕУ27 нема позначајни промени во перцепцијата на состојбата на националните економии (19%; 20%), економијата на ЕУ (22%; 23%), светската економија (14%; 15%), личната ситуација во врска со работата (54%; 52%) и на финансиската ситуација во домаќинството (63%; 65%). Единствено позначајно намалување е регистрирано кај перципирањето на ситуацијата со вработувањето (16%;13%).

**Табела број 1**

| QA2a Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните области: | Добра | | | | Лоша | | | | Не знае | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јануари 2009 | | јуни 2009 | | јануари 2009 | | јуни 2009 | | јануари 2009 | | јуни 2009 | |
| | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK |
| Економијата во земјата | 19% | 27% | 20% | 25% | 79% | 72% | 78% | 74% | 2% | 1% | 2% | 1% |
| Европската економија | 22% | 49% | 23% | 45% | 70% | 42% | 68% | 47% | 8% | 9% | 9% | 8% |
| Светската економија | 14% | 37% | 15% | 40% | 79% | 51% | 77% | 52% | 7% | 12% | 8% | 8% |
| Личната ситуација со работата | 54% | 45% | 52% | 39% | 28% | 48% | 27% | 51% | 18% | 7% | 21% | 10% |
| Финансиската ситуација на домаќинството | 63% | 52% | 65% | 50% | 35% | 47% | 33% | 49% | 2% | 1% | 2% | 1% |
| Вработеноста во земјата | 16% | 10% | 13% | 8% | 82% | 88% | 85% | 91% | 2% | 2% | 2% | 1% |

Драстична промена на климата во јавното мислење е регистрирана во периодот октомври 2007 – јануари 2009. Во овој период во земјите на ЕУ27, во просек, бројот на анкетирани кои ја гледале ситуацијата во нивните национални економии како добра се намалил за 29 процентни поени (48%; 19%). Тоа намалување е уште поголемо кога станува збор за економијата на ЕУ - за 36 процентни поени (58%; 22%), а најмало е намалувањето за ситуацијата со вработувањето - за 8 процентни поени (36%; 28%). Овие промени кај домашната јавност, во истиот период, не се толку изразени. Бројот на оние кои оцениле дека ситуацијата во домашната економија е добра се намалил за пет процентни поени (32%; 27%). Перцепцијата дека ситуацијата со вработувањето е добра практично не се променила (11%; 10%) и останува на ниско ниво. Меѓутоа, перцепцијата дека економијата на ЕУ е добра драстично се намалила за 20 процентни поени (69%; 49%). Слични промени се забележани и во останатите две земји-кандидатки. Во Хрватска бројот на граѓани кои оцениле дека ситуацијата во економијата на ЕУ е добра се намалил за 27 процентни поени (56%; 29%), а во Турција за 30 процентни поени (55%; 25%). Анализата на оваа серија податоци укажува дека по првиот шок од соочувањето со последиците од светската економска и финансиска криза, кај јавноста опфатена со Евробарометарот

следува период на стагнација во кој таа е во исчекување на натамошниот развој на кризата.

- <u>Краткорочни очекувања</u>

Најголеми промени во краткорочните очекувања на домашната јавност од почетокот до средината на годинава има во однос на подобрувањето на економијата на ЕУ (30%; 37%) и на светската економија (26%; 35%). Во земјава е забележан благ пораст на оптимизмот во однос на состојбата во домашната економија (26%; 28%) и на животот на анкетираните воопшто (34%; 36%). Во однос на личната ситуација, во овој период се намалил бројот на анкетираните кои очекуваат подобрување на нивната лична ситуација со работата (25%; 22%), но се намалил и бројот на оние кои очекуваат влошување (23%; 20%) за сметка на зголемениот број на оние кои не очекуваат промени во тој поглед (46%; 50%) и на оние кои немале одговор (6%; 8%). Намален е оптимизмот во однос на финансиската состојба во семејството (31%; 29%). И додека кај домашната јавност се забележани мали промени во кратокорочните очекувања, во јавноста на земјите на ЕУ27 оптимистичките очекувања во просек се поизразени во однос на сите испитувани области од животот. Таму за 10 процентни поени се зголемил бројот на анкетираните кои очекуваат подобрување во економиите на своите земји (15%; 25%), во економијата на ЕУ (14%; 24%) и во светската економија (14%; 24%). Значително се зголемил и бројот на граѓаните кои очекуваат подобрување во однос на вработувањата (12%; 20%). Умерен, но значаен пораст (од 5 процентни поени) има кај очекувањата за подобрување на животот воопшто (22%; 27%) и за подобрување на финансиската ситуација во семејството (16%; 21%). Подобрување на личната ситуација со работата очекуваат четири процентни поени повеќе анкетирани во однос на почетокот од годината (15%;19%).

**Табела број 2**

| QA3a Какви се Вашите очекувања за следните 12 месеци, кога станува збор за ... | Подобро | | | | Полошо | | | | Исто | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јануари 2009 | | јуни 2009 | | јануари 2009 | | јуни 2009 | | јануари 2009 | | јуни 2009 | |
| | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK |
| Животот воопшто | 22% | 34% | 27% | 36% | 21% | 21% | 14% | 18% | 54% | 42% | 56% | 44% |
| Економијата во земјата | 15% | 26% | 25% | 28% | 53% | 39% | 34% | 36% | 28% | 31% | 36% | 33% |
| Финансиската ситуација на домаќинството | 16% | 31% | 21% | 29% | 26% | 25% | 18% | 25% | 55% | 41% | 58% | 44% |
| Вработеноста во земјата | 12% | 21% | 20% | 22% | 61% | 49% | 44% | 42% | 23% | 26% | 32% | 34% |
| Личната ситуација со работата | 15% | 25% | 19% | 22% | 15% | 23% | 10% | 20% | 58% | 46% | 59% | 50% |
| Економијата во ЕУ | 14% | 30% | 24% | 37% | 45% | 26% | 28% | 19% | 29% | 29% | 38% | 35% |
| Светската економија | 14% | 26% | 24% | 35% | 49% | 30% | 30% | 22% | 26% | 28% | 36% | 34% |

### 1.3. Колку најважните прашања со кои се соочува земјата ги погодуваат граѓаните

**● Граѓаните во земјава најзагрижени за економската ситуација, а граѓаните во ЕУ од порастот на цените и инфлацијата**

- Два најважни проблема со кои се соочува државата

**Табела број 3**

| **QA4a** Според Вас, кои се двете најважни прашања со кои нашата земја се соочува во овој момент? | EU 27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.1 јануари 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.1 јануари 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.1 јануари 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.1 јануари 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Криминал | 15% | 16% | 22% | 24% | 52% | 38% | 9% | 9% |
| Економската ситуација | 47% | 42% | 49% | 56% | 41% | 49% | 43% | 34% |
| Порастот на цените, инфлација | 27% | 21% | 21% | 15% | 28% | 27% | 13% | 10% |
| Оданочувањето | 6% | 7% | 6% | 3% | 2% | 3% | 2% | 3% |
| Невработеноста | 45% | 49% | 64% | 68% | 44% | 52% | 62% | 67% |
| Тероризам | 4% | 5% | 2% | 2% | 2% | 2% | 41% | 42% |
| Одбрана / Надворешни работи | 1% | 1% | 2% | 2% | 1% | 1% | 2% | 1% |
| Станбено прашање | 5% | 5% | 2% | 1% | 1% | 3% | 0% | 1% |
| Имиграција | 7% | 9% | 3% | 2% | 1% | 1% | 1% | 2% |
| Здравствен систем | 12% | 14% | 5% | 5% | 10% | 7% | 2% | 3% |
| Образовен систем | 6% | 7% | 2% | 4% | 1% | 2% | 4% | 6% |
| Пензии | 8% | 9% | 2% | 3% | 9% | 9% | 3% | 4% |
| Заштита на животната средина | 4% | 5% | 2% | 0% | 1% | 1% | 0% | 1% |
| Животната средина | - | 5% | - | 0% | - | 0% | - | 1% |
| Енергија | 4% | 2% | 4% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Друго | 1% | 1% | 6% | 5% | 2% | 2% | 1% | 2% |
| Ниедно | - | 0% | - | 0% | - | - | - | 0% |
| Не знае | 1% | 1% | 0% | 1% | 1% | 0% | 1% | 0% |

Под налетот на последиците од глобалната криза, перцепцијата на домашната јавност за проблемите со кои се соочува земјата во прв план ги исфрла проблемите со вработувањето - во однос на јануари 2009 година, во јуни овој проблем како најважен го гледаат четири процентни поени повеќе анкетирани (64%; 68%). Уште повеќе (за седум процентни поени) се зголемил бројот на граѓани кои како главен проблем ја гледаат економската ситуација (49%; 56%); и покрај тоа зголемување, тој е втор на листата на проблеми кои граѓаните ги издвоиле како главни во земјата. Благо зголемување од два процентни поени има во перцепцијата на криминалот како главен проблем (22%; 24%). Во овој период за значајни шест процентни поени се намалил бројот на граѓани за кои главен проблем е порастот на цените и инфлацијата (21%; 15%).

Во земјите на ЕУ27, во истиот период, бројот на граѓани кои како главен проблем во нивната земја го наведуваат проблемот со вработувањето се зголемил во просек за четири процентни поени (45%; 49%). Исто како и во земјава, и во ЕУ27 значајно (за шест процентни поени) се намалил бројот на граѓани кои го наведуваат проблемот со порастот на цените и инфлацијата (27%;21%). Спротивно од земјава, во ЕУ27 за пет процентни поени се намалил

бројот на анкетираните кои како главен проблем ја наведуваат екомската ситуација во нивната земја (47%; 42%). Последиците од кризата оствариле најголемо влијание врз свесноста на граѓаните во ЕУ за проблемот со вработувањето, кој од второрангиран во јануари 2009 го зазел првото место во јуни 2009 година, опфаќајќи половина од анкетираните. И во останатите две земји-кандидатки на прво место е проблемот со вработувањето (44%; 52% во Хрватска и 62%; 67% во Турција). Последиците од кризата ги приближуваат погледите на граѓаните за главниот проблем со кој се соочува нивната земја. И во земјава и во државите на ЕУ27, граѓаните го потенцираат проблемот со вработувањето, со тоа што во земјава овој проблем го посочиле 19 процентни поени повеќе анкетирани отколку во ЕУ27.

- Двата најважни проблема со кои граѓаните лично се соочуваат

**Табела број 4**

| **QA5a** И лично, кои се двата најважни проблема со кои се соочувате во моментов? | EU 27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | EB 71.1 јануари 2009 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.1 јануари 2009 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.1 јануари 2009 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.1 јануари 2009 | EB 71.3 јуни 2009 |
| Криминал | 8% | 8% | 12% | 7% | 7% | 6% | 4% | 5% |
| Економската ситуација | 27% | 26% | 41% | 48% | 30% | 36% | 47% | 44% |
| Порастот на цените, инфлација | 45% | 38% | 37% | 30% | 59% | 55% | 30% | 20% |
| Оданочувањето | 11% | 11% | 7% | 6% | 3% | 6% | 4% | 3% |
| Невработеноста | 19% | 21% | 46% | 43% | 23% | 24% | 46% | 47% |
| Тероризам | 2% | 2% | 2% | 2% | 1% | 0% | 16% | 16% |
| Одбрана / Надворешни работи | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Станбено прашање | 6% | 6% | 2% | 4% | 8% | 10% | 1% | 1% |
| Имиграција | 3% | 4% | 2% | 2% | 0% | 0% | 1% | 2% |
| Здравствен систем | 17% | 17% | 8% | 10% | 20% | 11% | 7% | 6% |
| Образовен систем | 9% | 9% | 4% | 6% | 5% | 5% | 8% | 9% |
| Пензии | 15% | 15% | 5% | 7% | 20% | 19% | 7% | 6% |
| Заштита на животната средина | 5% | 5% | 4% | 2% | 1% | 3% | 2% | 2% |
| Животната средина | - | 5% | - | 1% | - | 2% | - | 2% |
| Енергија | 6% | 3% | 5% | 2% | 3% | 1% | 2% | 3% |
| Друго | 2% | 2% | 3% | 3% | 2% | 1% | 1% | 2% |
| Ниедно | - | 7% | - | 5% | - | 3% | - | 4% |
| Не знае | 4% | 1% | 1% | 0% | 3% | 1% | 2% | 1% |

Економската ситуација изби на првото место на листата проблеми кои најмногу ги погодиле граѓаните во земјава во изминатите шест месеци. Во јуни, во споредба со почетокот на годината, седум процентни поени повеќе анкетирани биле лично погодени од економската ситуација (41%; 48%). Второрангиран проблем кој лично ги погодува е проблемот со вработувањето, и покрај намалувањето од три процентни поени (46%; 43%). Овој проблем беше прворангиран на почетокот од годината. На трето место останува, и покрај намалувањето од седум процентни поени, порастот на цените и инфлацијата (37%; 30%).

Во земјите на ЕУ27, на прво место е засегнатоста од порастот на цените и инфлацијата, и покрај намалувањето за седум процентни поени (45%; 38%). На

второ место е економската ситуација (27%; 26%). И покрај порастот на засегнатоста од невработеноста за два процентни поени (19%; 21%), овој проблем останува на трето место за граѓаните во Унијата. Споредбата на последиците од економската криза покажува дека значително помал број граѓани во Унијата се лично погодени во споредба со граѓаните во земјава. Во земјава речиси половина граѓани се погодени од економската ситуација, а во Унијата, од порастот на цените и инфлацијата, како прворангиран проблем, се погодени 38% од анкетираните.

### 1.4. Перспективите на семејствата во услови на криза

**● Во земјава 3 од 4 семејства од пониските социјални слоеви не гледаат перспектива**

**Табела број 5**

| **QJ6** Која од следниве изјави најдобро ја отсликува ситуацијата во вашето домаќинство? | EU 27<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | MK<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | HR<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | TR<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Вашата моментална ситуација не ви дозволува да правите планови за во иднина, Вие живеете ден за ден | 35% | 50% | 43% | 64% |
| Вие знаете што ќе правите во следните шест месеци | 29% | 30% | 29% | 19% |
| Вие имате долгорочна перспектива за тоа што ќе прави вашето домаќинство во следните 2 години | 31% | 14% | 20% | 8% |
| Друго | 1% | 1% | 2% | 1% |
| Не знае | 4% | 5% | 6% | 8% |

Најновиот Евробарометар покажува дека моменталната ситуација во земјава на секое второ семејство (50%) не му дозволува да прави планови за иднината. Нешто помалку од една третина од семејствата се во ситуација да прават краткорочни планови за наредните шест месеци и само 14% се во ситуација да прават планови за подолг рок (за наредните две години).

**Социо-демографската анализа** покажува дека „притиснати“ од кризата и без можност за планирање на иднината на своето семејство се оние кои се самоидентификуваат како припадници на пониските социјални слоеви. Тројца од четворица анкетирани од тие семејства (71%) изјавиле дека живеат од ден за ден, речиси секој петти припадник на овие семејства (19%) изјавил дека е во можност да прави краткорочни планови, а само 4% имаат можност за правење подолгорочни планови во семејството. За разлика од нив, кај припадниците на повисоките социјални слоеви, трипати помалку семејства (24%) не се во можност да прават какви било планови за иднината и живеат од ден за ден, речиси половината (48%) изјавиле дека се во можност да прават краткорочни планови, а нешто повеќе од секој петти (22%) смета дека може да прави подолгорочни планови. Меѓу најпогодените семејства се оние на невработените (64%) и на пензионерите (58%).

Перспективите во земјите на ЕУ27 се подобри за значително поголем број семејства. Речиси секое трето семејство (31%) во Унијата има можност да ја

планира својата иднина на подолг рок, нешто помалку (29%) можат да планираат на краток рок и 35% немаат јасна перспектива за иднината и живеат од ден за ден. Меѓутоа, и во рамките на Унијата се забележуваат големи разлики. Во најстарите членки на Унијата - ЕУ6, 28% од анкетираните изјавиле дека нивните семејства живеат од ден за ден, исто толку се во можност да прават краткорочни планови, а 39% имаат можности да прават долгорочни планови. Наспроти нив, 44% од семејствата од НМС12 не се во можност да прават планови, 32% се во можност да прават краткорочни и само 16% прават долгорочни планови. Во рамките на ЕУ27, најповолни се перспективите во Австрија, Финска и Шведска, каде во просек само 15% анкетирани изјавиле дека нивните семејства живеат од ден за ден, секој трет (34%) изјавил дека неговото семејство е во можност да прави краткорочни планови, а семејствата на речиси половината од анкетираните (46%) имаат можности да прават планови во семејството на подолг рок.

### 1.5. Доверба во националните институции и ЕУ

**● Довебата на домашната јавност во Унијата се зголемува, во партиите и во Владата спласнува**



Големо влијание врз вкупната атмосфера во земјата има нивото на доверба на граѓаните во институциите. Во периодот јануари – јуни 2009[2], кога земјите ширум светот ги почувствуваа последиците од светската економска и финансиска криза, генерална тенденција во земјите опфатени со Евробарометарот е намалената склоност на јавноста да им верува на националните влади и парламенти.

**Табела број 6**

| **QA9** Колку им верувате на одредени институции: | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 70.1 октомври 2008 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 70.1 октомври 2008 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 70.1 октомври 2008 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 70.1 октомври 2008 | Eb 71.3 јуни 2009 |
| Правосудството | Склони да верувате | 48% | 48% | 26% | 23% | 20% | 20% | 56% | 63% |
| | Склони да не верувате | 47% | 47% | 66% | 71% | 74% | 76% | 37% | 32% |
| | Не знае | 5% | 5% | 8% | 6% | 6% | 4% | 7% | 5% |
| Политичките партии | Склони да верувате | 20% | 19% | 19% | 15% | 10% | 7% | 22% | 26% |
| | Склони да не верувате | 75% | 76% | 76% | 81% | 86% | 91% | 71% | 68% |
| | Не знае | 5% | 5% | 5% | 4% | 4% | 2% | 7% | 6% |
| Обединетите нации | Склони да верувате | 50% | 53% | 53% | 56% | 38% | 43% | 24% | 32% |
| | Склони да не верувате | 35% | 31% | 34% | 33% | 51% | 48% | 57% | 51% |
| | Не знае | 15% | 16% | 13% | 11% | 11% | 9% | 19% | 17% |

**Табела број 7**

| **QA9** Колку им верувате на одредени институции: | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 71.1 јануари 2009 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 71.1 јануари 2009 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 71.1 јануари 2009 | Eb 71.3 јуни 2009 | Eb 71.1 јануари 2009 | Eb 71.3 јуни 2009 |
| Националната влада | Склони да верувате | 38% | 32% | 40% | 36% | 21% | 13% | 55% | 57% |
| | Склони да не верувате | 56% | 63% | 53% | 60% | 75% | 84% | 41% | 38% |
| | Не знае | 6% | 5% | 7% | 4% | 4% | 3% | 4% | 5% |
| Парламентот | Склони да верувате | 36% | 32% | 29% | 27% | 21% | 16% | 53% | 58% |
| | Склони да не верувате | 55% | 61% | 63% | 68% | 74% | 81% | 42% | 37% |
| | Не знае | 9% | 7% | 8% | 5% | 5% | 3% | 5% | 5% |
| Европската Унија | Склони да верувате | 47% | 47% | 45% | 54% | 33% | 31% | 25% | 38% |
| | Склони да не верувате | 40% | 41% | 42% | 37% | 57% | 62% | 63% | 48% |
| | Не знае | 13% | 12% | 13% | 9% | 10% | 7% | 12% | 14% |

Во домашната јавност во овој период најмногу спласнала поддршката за Владата и политичките партии.

Од јануари до јуни 2009 г., за четири процентни поени се намалил бројот на граѓаните кои се склони да и веруваат на Владата (40%; 36%). Јунското истражување покажува дека во поголем број од просечниот во државата, на Владата се склони да и веруваат пензионерите и работниците (45%) и во нешто помал број менаџерите (39%). Наспроти нив, во потпросечен број на Владата се

[2] Склоноста на граѓаните да веруваат во правосудството, политички партии и ООН се однесува на периодот октомври 2008 јуни 2009, а склоноста да се верува во националните влади, парламенти и ЕУ се однесува на периодот јануари – јуни 2009 година.

склони да и веруваат домаќинките (22%) и невработените (30%). Според местото на живеење, анкетираните во руралните средини во помал број се склони да и веруваат на Владата (34%) отколку во помалите градови (39%) и поголемите градови (37%). Поддршката на Владата е под силно влијание на очекувањата во однос на вработувањата. Мнозинството анкетирани кои очекуваат подобрување на планот на вработувањата (63%) се склони да и веруваат на Владата, а помеѓу оние кои очекуваат влошување на тој план, трипати помалку анкетирани (22%) се склони да и веруваат на Владата. Слично на тоа, граѓаните кои очекуваат подобрување на ситуацијата во националната економија се значително посклони да и веруваат на Владата (59%) во однос на оние кои очекуваат влошување (19%). Фрустрациите помеѓу анкетираните кои често имаат проблеми со плаќање на сметките ја намалуваат склоноста да и веруваат на Владата (27%) во однос на оние кои најчесто немаат проблеми со плаќање на сметките (44%). Според политичките преференции на граѓаните, во најмал број на Владата и веруваат анкетираните кои се самоидентификуваат со политичката левица (28%), поддршката во политичкиот центар е нешто под просекот (34%), а мнозинството од оние кои се самоидентификуваат со политичката десница и веруваат на Владата (58%).

Најмалку анкетирани ја поддржуваат Владата во Полошкиот регион (18%), а најмногу во југоисточниот дел на земјата (62%).

Во периодот октомври 2008 - јуни 2009 се намалил ионака малиот број граѓани кои се спремни да им веруваат на политичките партии (19%; 15%). Слична тенденција има и кај спремноста на граѓаните да им веруваат на судските власти во земјава.

Поддршката на Парламентот во изминатите шест месеци се намалила за два процентни поени (29%; 27%).

Кај домашната јавност единствено се зголемил (за девет процентни поени) бројот на анкетираните кои и веруваат на ЕУ (45%; 54%) и за три процентни поени на оние кои им веруваат на ООН (53%; 56%).

И во Унијата значајно се намалил бројот на оние кои им веруваат на своите национални влади (за шест процентни поени, 38%; 32%) и на националните парламенти (за четири процентни поени, 36%; 32%). Просекот на анкетираните во ЕУ27 кои и веруваат на ЕУ не се променил и опфаќа речиси половина од граѓаните на Унијата (47%; 47%). Во Унијата единствено се зголемил, за три процентни поени, бројот на оние кои веруваат во ООН (50%; 53%).

Битна разлика меѓу членките на ЕУ27 и земјава е тоа што во просек речиси половината од анкетираните во Унијата (48%; 48%) им веруваат на правосудните органи. Во земјава, 25% помалку анкетирани (26%23%) им веруваат на правосудните органи, што создава чувство на помала правна сигурност во домашната јавност.

## 2. Влијанието на светската економска и финансиска криза во земјата

### 2.1. Колку националната економија е под влијание на глобалната криза

**● Загриженоста од глобалната криза пораспространета во Унијата отколку во земјава**

Резултатите од последниот Евробарометар покажуваат дека во јавноста постои консензус околу погоденоста на националните економии од светската финансиска и економска криза.

**Графикон број 2**




Во земјите-кандидатки, во просек, за 12 до 16 процентни поени помалку анкетирани во однос на просекот во ЕУ27 оценуваат дека нивните национални економии се погодени од глобалната економска и финансиска криза.

Во земјава, над 2/3 од анкетираните (69%) се уверени дека економијата е погодена од кризата, 20% сметаат дека не е погодена, а 11% не го знаеле одговорот на ова прашање.

Слично е и во останатите две земји-кандидатки. Во Хрватска 68% граѓани сметаат дека хрватската економија е погодена од кризата, 23% дека тоа не е случај, а 9% не го знаеле одговорот. Во Турција нешто повеќе граѓани (73%) оцениле дека националната економија е погодена, 15% одговориле дека не е погодена, а 12% не го знаеле одговорот.

Во земјите на ЕУ27, во просек, 85% анкетирани граѓани сметаат дека економијата во нивната земја е погодена од глобалната криза. Помалку од секој десетти испитаник во Унијата (8%) смета дека економијата во неговата земја не е погодена од кризата, а 7% не го знаеле одговорот на ова прашање. Свесноста за импактот на глобалната криза врз економијата е пораспростра нета во јавноста на постарите членки од ЕУ15 (86%) отколку во јавноста на НМС12 (80%). Овие разлики веројатно се должат на фактот дека ударот од глобалната криза први го почувствуваа економски поразвиените земји.

**Социо-демографската анализа** покажува дека кај домашната јавност свесноста за влијанието на кризата врз националната економија е помалку распространета помеѓу анкетираните со пониско образование и оние во руралните средини (66%) отколку помеѓу анкетираните со повисоко образование (75%) и анкетираните во поголемите градови (73%). На свесноста за импактот на кризата битно влијание има и професионалниот статус на анкетираните. Свесноста е значително пораспространета помеѓу службениците (79%) и менаџерите (74%) отколку помеѓу самовработените (59%) и мануелните работници (66%). Поголемата мотивираност и подобрата информираност за економските прашања влијае правопропорционално на свесноста на анкетираните за влијанието на светската криза врз националните економии. Социо-демографската анализа на податоците од земјите на ЕУ27 ја потврдуваат оваа поврзаност. И во Унијата свесноста за влијанието на кризата врз националните економии е помалку распространета кај анкетираните со пониско образование (78%) во однос на анкетираните со повисоко образование (91%). Во земјите на ЕУ27 свесноста е најраспространета помеѓу менаџерите (93%), следуваат домаќинките (80%), невработените (81%) и пензионираните (82%).

### 2.2. Кој е најспособен да преземе мерки против економската криза

**● Јавноста е поделена околу прашањето кој е најспособен да преземе ефикасни антикризни мерки**

**Табела број 8**

| **QB8** Според ваше мислење, која од следниве е најспособна да преземе ефикасни мерки против ефектите на финансиската и економската криза? | EU 27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕБ 71.1 јануари 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 71.1 јануари 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 71.1 јануари 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 71.1 јануари 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 |
| Националната влада | 14% | 12% | - | 22% | - | 24% | - | 24% |
| Европската Унија | 17% | 21% | - | 23% | - | 16% | - | 17% |
| Соединетите Американски Држави | 15% | 16% | - | 25% | - | 16% | - | 14% |
| Г20 | - | 20% | - | 9% | - | 9% | - | 6% |
| Меѓународниот монетарен фонд | 10% | 14% | - | 13% | - | 19% | - | 12% |
| Друго | 1% | 1% | - | 1% | - | 1% | - | 1% |
| Ниедно | 5% | 4% | - | 3% | - | 5% | - | 8% |
| Не знае | 13% | 12% | - | 4% | - | 10% | - | 18% |

Јавноста опфатена со Евробарометарот е поделена во однос на прашањето кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против последиците од финансиската и економската криза. За ниедна меѓународна институција или

организација не се определил значен дел од јавноста во земјите каде е спроведено истражувањето, што укажува на фактот дека кај граѓаните постои конфузија во однос на можностите за преземање ефикасни антикризни мерки.

Во земјава, секој четврти анкетиран (25%) смета дека САД се најспособни да преземат ефикасни мерки против последиците на финансиската и на економската криза. Следуваат ЕУ, за која се определиле 23%, националната влада (22%), ММФ (13%) и Г20 (9%), а само 4% од анкетираните не знаеле да одговорат на ова прашање. Анкетираните кои очекуваат подобрување на економската ситуација во земјата сметаат дека Владата е најспособна да преземе ефикасни мерки за справување со кризата (27%), додека оние кои очекуваат влошување на економската ситуација, надеж полагаат во САД (27%) и ЕУ (26%).

Јавноста во останатите две земји-кандидатки, Хрватска и Турција, најмногу се фокусира на нивните влади (24%). Во Хрватска на второ место е ММФ (19%), а по 16% се определиле за ЕУ и САД. За Г20 се определиле само 9%, а 10% немале одговор. Во Турција на второ место е ЕУ (17%), а следуваат САД (14%) и ММФ (12%). Речиси секој петти испитаник (18%) одговорил дека не знае.

Во земјите на ЕУ27, каде ова прашање е поставено и во јануари оваа година и во последното јунско истражување, јавноста е скептична дека нивните национални влади имаат капацитет да понудат ефикасни решенија за совладување на кризата (14%;12%). Јавноста во земјите на ЕУ27 најмногу надеж полага во ЕУ (17%;21%) и Г20 (20%).

### 2.3. Најважни лични приоритети

**● Способноста за плаќање сметки - финансиски приоритет број еден за граѓаните ширум Европа**

<u>-Најважни финансиски приоритети</u>

**Табела број 9**

| **QC5** Кои се вашите најважни финансиски приоритети? | EU25<br>ЕВ 63.2 март 2005 | EU27<br>ЕВ71.3 јуни 2009 | MK<br>ЕВ71.3 јуни 2009 | HR<br>ЕВ71.3 јуни 2009 | TR<br>ЕВ71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плаќање сметки | 66% | 59% | 62% | 78% | 49% |
| Заштеда за пензинерски денови | 16% | 16% | 17% | 13% | 14% |
| Исплата на долгови | 22% | 22% | 17% | 30% | 44% |
| Купување куќа / стан | 14% | 12% | 10% | 11% | 21% |
| Префрлање на парите на моите деца / внуци | 14% | 14% | 11% | 9% | 14% |
| Заштитување на моето семејство во случај да се разболам / да не сум способен за работа | 23% | 28% | 18% | 24% | 20% |
| Да имам одредена заштеда за итни случаи | 50% | 44% | 32% | 25% | 30% |
| Да живеам колку што можам подобро со мојот сегашен приход | 44% | 41% | 31% | 53% | 28% |
| Започнување бизнис | 0.03 | 0.04 | 15% | 7% | 13% |
| Ништо | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Друго | - | 2% | 2% | 1% | 1% |
| Не знае | 2% | 1% | 2% | 1% | 3% |

Најновиот Евробарометар покажува дека во услови на неизвесност создадена од последиците на финансиската и економската криза, финансиските приоритети на најголем број анкетирани граѓани се однесуваат на плаќање на сметките, заштеда за итни случаи и што е можно подобро живеење со моменталните приходи.

Финансиските приоритети на граѓаните во Унијата во периодот од 2005 до 2009 претрпеле промени. Сега во Унијата плаќањето на сметките им е приоритет на помал број граѓани (66%; 59%). Кризата им ги намалила можностите на граѓаните на Унијата за заштеди за итни случаи за шест процентни поени (50%; 44%), можностите да живеат подобро со моменталните приходи за три процентни поени (44%; 41%), а за пет процентни поени се зголемил бројот на оние чиј приоритет е да го заштитат семејството во случај на болест или доколку останат без работа (23%; 28%).

Во земјава[3] приоритет за најголем број анкетирани граѓани е плаќањето на сметките (62%). Податоците покажуваат дека бројот на граѓани кои имаа можност за заштеди за итни потреби е помал за 12 процентни поени во однос на просекот во Унијата (МК 32%; EU27 44%). И бројот на граѓаните во земјава чиј приоритет е подобар живот со моменталните приходи во земјава е помал за 10 процентни поени во однос на просекот во Унијата (МК 31%; ЕУ27 41%), што е случај и со

[3] Ова прашање во земјава првпат е поставено во истражувањето спроведено во јуни 2009.

бројот на граѓани во земјава чиј приоритет е заштита на семејството во случај на болест или губење на работата (МК 18%; ЕУ27 28%). Последново укажува на постоење помал маневарски простор за наоѓање решенија во влошени животни услови за семејството. Битна разлика меѓу приоритетите на граѓаните во земјава и во Унијата е податокот кој покажува дека почнување бизнис е приоритет за 11 процентни поени повеќе граѓани во земјава (МК 15%; ЕУ27 4%).

- Приоритет во однос на работата

**Графикон број 3**




На прашањето кој им е приоритет во однос на работата, мнозинството анкетирани во земјава (57%) се определиле за сигурна работа, за 33% приоритет е добра плата, а за 6% интересна работа. Во Унијата, речиси половината (47%) се определуваат за сигурна работа. Десет процентни поени помалку граѓани во Унијата отколку во земјава се фрустрирани од ризикот да ја изгубат работата. Во Унијата 19 процентни поени повеќе анкетирани (МК 6%; ЕУ 25%) се определиле за интересна работа, што е индикатор за постоење многу подобри можности за лична афирмација и избор на работа отколку во земјава. Во земјава на 8% повеќе анкетирани (33%) отколку во Унијата (25%) приоритет им е добра плата.

## 2.4. Како до добра работа сега и во иднина

**● Ставот дека работата е несигурна пораспространет во земјава отколку во Унијата**

**Графикон број 4**




Граѓаните, и во земјава и во членките на ЕУ27, во многу голем број се сложуваат дека е тешко да се најде добра работа, дури и со високи квалификации. Граѓаните во земјава (93%) сметаат дека во моментов е тешко да се најде добра работа. Во земјите на ЕУ27, за 13 процентни поени (80%) е помал бројот на оние кои се скептични дека можат да најдат добра работа во својата земја. Ист став има јавноста и во останатите две земји-кандидатки Хрватска (92%) и Турција (81%).

**5 Графикон број**



Во однос на прашањето како да се остане вработен, 70% од анкетираните во земјава сметаат дека е неопходно да ја менуваат работата на неколку години, а 23% не се согласуваат со тоа. Во земјите на ЕУ27, несигурноста во задржувањето на работното место е драстично помала. Во Унијата јавноста е поделена на оние кои не се согласуваат со тоа дека е неопходно да ја менуваат работата за да останат вработени (47%) и на оние кои се согласуваат со тоа дека менувањето на работата е неопходен чекор за да останат вработени (45%).

Во Хрватска, 62% од анкетираните сметаат дека е потребно, а 34% дека не е потребно да ја менуваат работата. Во Турција, 50% сметаат дека е потребно, а 38% дека нема да биде потребно да ја менуваат работата за да останат вработени.

**Графикон број 6**




Резултатите од истражувањето покажуваат дека перцепцијата на можностите да се најде работа во иднина (во 2030 година) во земјава е идентична со перцепцијата на анкетираните во Унијата. И во земјава (56%) и во Унијата (54%), мнозинството анкетирани очекуваат дека и во 2030 година ќе биде тешко да се најде добра работа, дури и со високи квалификации, секој четврти е со спротивно мислење (МК 25%; ЕУ27 27%), а скоро секој петти, и во земјава и во Унијата, нема одреден одговор на тоа прашање (19%). Во јавноста на другите две земји-кандидатки долгорочните песпективи за наоѓање добра се уште попесимистички (HR 67%;TR 64;%).

**Графикон број 7**




Во земјава, поголем број анкетирани се согласуваат дека и во иднина ќе биде неопходно на неколку години да се менува работата за да се остане вработен (45%) во однос на оние кои не се согласуваат со тоа (30%), а секој четврти нема јасна претстава што да очекува на тој план во далечната 2030 година. Во Унијата исто така е поголем бројот на анкетираните кои во иднина очекуваат дека ќе биде неопходно да се менува работата за да се остане вработен (42%), помал број (36%) не се согласуваат со тоа, а 22% немаат определен одговор. И во Хрватска доминира песимизам во однос на задржувањето на работата (51%). Во Турција преовладуваат оптимистички очекувања. Таму анкетираните граѓани во поголем број очекуваат дека нема да биде неопходно да се менува работата за да се остане вработен (41%) наспроти 33% кои се песимисти и се согласуваат дека во иднина ќе биде потребно да се менува работата за да се остане вработен. И во Турција, како и во другите замји, значителен дел од анкетираните (25%) со неизвесност гледаат на ова прашање.

## 3. Како граѓаните гледаат на членството во ЕУ

### 3.1. Членството во ЕУ - добра или лоша работа?

- **Најголем дел од домашната јавност и натаму позитивно гледа на членството во ЕУ**

**Графикон број 8**




Споредбата на резултатите од јануарскиот и од јунскиот Евробарометар 2009 покажува дека во изминативе шест месеци, бројот на анкетираните лица коишто сметаат дека членството на земјава во ЕУ би била добра работа останал непроменет (64%; 64%). Со ова се потврдува постојаноста на определбата на домашната јавност за членство во ЕУ. Околу две третини од граѓаните се и натаму позитивно расположени за влез на земјава во Унијата. Истовремено не е променет ниту бројот на анкетираните кои се колебаат во однос на ова прашање (25%; 25%). Единствена мала промена (пораст од 1%) има кај оние кои сметаат дека членството би била лоша работа (8%; 9%) за сметка на намалувањето од 1% на оние кои немаат став во однос на ова прашање (3%; 2%).

Индикативно е тоа што позитивниот став во однос на членството во Унијата кај нашите граѓани е за цели 11 процентни поени поприсутен во споредба со жителите на Унијата (64% МК; 53% ЕУ27). Ваквите резултати се своевидна потврда за цврстото верување на нашиот граѓанин во “современиот мит за Европа”. И покрај незадоволството од забавеното движење кон почеток на преговори, домашната јавност и натаму оптимистички гледа на интеграцијата во Унијата како на процес што ќе ја изведе земјава од долгогодишната стагнација.

Атмосферата во однос на ова прашање кај другите две земји-кандидатки е поинаква. Во Хрватска, и покрај тоа што пристапните преговори со ЕУ се во тек и земјата стана членка на НАТО, постои тренд на опаѓање на расположението на

јавноста за пристап кон Унијата (29%; 24%). За ваквиот тренд веројатно придонесуваат и отворените прашања околу границите кои Хрватска ги има со Словенија како членка на ЕУ.

Во Турција, пак, позитивниот став кон зачленувањето во ЕУ расте (38%; 48%), за сметка на намалениот број скептици за цели 8 процентни поени (34%; 26%).

Во земјите на ЕУ27, во просек, 53% од граѓаните сметаат дека членството во Унијата е добра работа за нивната земја, но оценките варираат во широк дијапазон: од 79% во Луксембург до 25% во Летонија. Земји кај кои постои најнегативна клима за членство во Унијата се) се Финска (20% сметаат дека членството во Унијата е лоша работа), Летонија и Унгарија (23%) и Обединетото Кралство (32%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека позитивната атмосфера кон зачленувањето во ЕУ е широко распространета кај младите на возраст од 15 до 24 години (72%), потоа кај лицата со средно и со високо образование (69%), студентите (67%), домаќинките (75%) и невработените (68%). Ваквите резултати покажуваат дека кај младите и невработените постои најголема верба дека со членството на земјата во ЕУ ќе имаат повеќе шанси за подобра иднина и за поквалитетен живот. Позитивна перцепција за влезот на земјата во ЕУ постои и кај менаџерите и службениците (67%). Најслабо е расположението кај повозрасните граѓани (над 55 год) кои најтешко ги поднесуваат последиците на транзицијата (56%). Повеќе од две третини (70%) од анкетираните коишто позитивно гледаат на зачленувањето најчесто имаат проблем со редовното плаќање на сметките во однос на оние кои немаат такви проблеми (60%). Разликата во поддршката за членство во Унијата е уште поизразена помеѓу анкетираните граѓани кои имаат доверба во Унијата (79%) и оние кои немаат доверба во Унијата (43%).

## 3.2. Придобивки од членството во ЕУ

**• Голем дел од домашната јавност очекува придобивки од членството во ЕУ**

**Графикон број 9**




Податоците од истражувањето укажуваат дека кај домашната јавност има многу поголема верба во очекуваните придобивки од зачленувањето на земјата во ЕУ отколку кај останатите две земји-кандидатки. Споредбата на резултатите со јануарскиот Евробарометар покажува дека очекувањата се стабилни и во последните шест месеци практично не се промениле - повеќе од две третини од анкетираните (74%; 75%) изјавиле дека земјата би имала корист од зачленувањето во ЕУ. Не се менува ниту бројот на скептиците, кои оценуваат дека земјата не би имала корист од зачленувањето (18%; 18%), а не се менува значително ниту бројот на анкетираните кои немаат одреден став кон ова прашање (8%; 7%). Овие податоци укажуваат дека мотивите за генерално позитивен однос кон ЕУ во земјава се темелат на антиципација на прагматични придобивки од приемот во ЕУ.

Споредбата на резултатите од двете последни истражувања покажува дека во Турција расте бројот на испитаниците кои гледаат придобивки од членството на нивната земја во ЕУ. Во однос на зимскиот Евробарометар нивниот број се зголемил за 10% (47%; 57%). Ваквиот резултат се должи на намалувањето на бројот на оние кои биле скептични во однос на ова прашање за десет процентни поени (41%; 31%). Сепак, во Турција и натаму значаен дел од анкетираните на знаеле како да одговорат на ова прашање (12%; 12%).

Кај хрватската јавност, која исто така ги оценува бенефитите од приемот во ЕУ од позиција на земја-кандидат, и натаму е поголем бројот на оние коишто не веруваат дека земјата ќе има придобивки од влезот во Унијата. Резултатите покажуваат дека бројот на оние кои не веруваат во придобивките кои Хрватска би

ги имала од членството се зголемува (50%; 54%), наспроти една третина која е уверена во спротивното (38%; 37%). Бројот на скептиците пораснал на сметка на оние кои не знаеле каков одговор да дадат на ова прашање (нивниот број се намалил од 12% на 9%).

Во рамките на ЕУ27, анкетираните граѓани оценуваа какви се бенефитите од членството на нивните земји во ЕУ. Резултатите покажуваат поделеност во мислењата, при што, во просек, мнозинството од нив (56%) сметаат дека нивната земја има корист, а речиси една третина (31%) оценуваат дека нивната земја нема корист од членството. Анкетираните во Словачка (80%), Ирска (79%) и Естонија (78%) далеку над просекот во Унијата сметаат дека нивната земја има корист од членството во ЕУ**.** Под просекот се анкетираните во Обединетото Кралство (34%), Унгарија (36%) и Летонија (38%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава, во најголем број придобивки од членството во ЕУ очекуваат вработените (86%), менаџерите (79%) и студентите (79%). Индикативно е тоа што повеќе од три четвртини (78%) од анкетираните кои сметаат дека земјата ќе има бенефит од членството во Унијата најчесто не се во можност да си ги платат сметките. Речиси ист е и бројот на анкетираните кои се надеваат дека зачленувањето во ЕУ ќе ги подобри вработеноста и општата економска состојба во земјата (79%). Натпросечно уверени дека земјава ќе има бенефит од членството се жителите на Полошкиот регион (83%) и на североисточниот дел на земјата (78%), додека најмалку придобивки очекуваат оние од источниот дел (30%). Перцепцијата на бенефитот од членството е директно поврзана со ставот кон Унијата. Анализата на резултатите покажува дека многу голем број од оние кои имаат доверба во Унијата (89%) и коишто оптимистички гледаат на иднината на Унијата (83%), сметаат дека земјата ќе има придобивки од членството, а такви очекувања постојат кај многу помал број од оние кои немаат доверба во Унијата (57%) и оние кои со песимизам гледаат на иднината на ЕУ (49%). И покрај ваквите големи разлики, резултатите покажуваат дека и мнозинството оптимисти и мнозинството скептици очекуваат бенефити за земјата.

## 3.3. Погледи кон проширувањето на ЕУ: За или против?

**• Поддршката за натамошно проширување на Унијата се намалува**

**Графикон број 10**




Резултатите покажуваат тренд на опаѓање на расположението во земјите-членки на ЕУ за натамошно проширување на Унијата. Поддршката за проширување на ЕУ, меѓу последното и истражувањето од есента 2008 во земјите на ЕУ27, незначително се променила за еден процентен поен (44%; 43%). Меѓутоа, противењето на проширувањето пораснало за три процентни поени (43%; 46%). Бројот на оние кои не знаеле како да одговорат се намалил за два процентни поени (13%; 11%). При тоа, спремноста за проширување најмногу спласнала во Данска (48%; 38%), Естонија (60%; 51%), Обединетото Кралство (40%; 32%), Летонија (54%; 47%) и Словенија (70%; 63%). Не е значајно променета и ситуацијата во земјите кои и претходно не изразиле поддршка за проширувањето: Австрија (25%; 25%), Луксембург (25%; 27%) и Франција (31%, 31%). Поддршката за проширувањето на Унијата значајно се зголемила во Португалија (43%; 51%), Романија (60%; 67%) и во Унгарија (55%; 61%).

Кај домашната јавност постои тренд на зголемување на поддршката за проширување на Унијата (79%; 85%). Противењето на проширувањето останало неизменето (8%; 8%), а бројот на оние кои не знаеле да одговорат се намалил за шест процентни поени (13%; 7%). Во земјата расте позитивната клима во однос на проширувањето на Унијата и покрај постоечкото незадоволство од тоа што земјата сé уште не добила датум за отпочнување пристапни преговори.

Во другите две земји–кандидатки атмосферата околу проширувањето е различна. Резултатите покажуваат дека во однос на претходниот Евробарометар расположението на јавноста во Хрватска за проширувањето на Унијата не е значително сменето (59%; 60%). Од друга страна, бројот на противниците на

проширувањето во оваа земја расте (23%; 29%) за сметка на оние коишто не знаеле како да одговорат на ова прашање и чиј број се намалил од 18% на 11%. Благ пораст од 2% на поддршката за проширувањето е забележан и во Турција (45%; 47%). Но индикативно е зголемувањето на противниците за цели 16% (21%;3 7%), а за сметка на тоа се намалил бројот на одговорите „не знам“ од 34% на 16%.

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјите на ЕУ најголема отвореност за проширување на Унијата пројавуваат младите на возраст од 15 до 24 години, како и студентите (61%). Овој ентузијазам не го делат повозрасните (55 години +) жители на земјите-членки на Унијата, кои со високи 53% се против натамошно проширување на Унијата.

Интересен податок е тоа што кај домашната јавност е широко распространето расположениeто за проширување на Унијата кај сите испитаници, без оглед на возраста и на нивото на образование. Овие податоци укажуваат дека во земјава постои консензус за проширувањето на ЕУ. Поддршката за проширување на Унијата во земјава е најраспространета помеѓу анкетираните кои изразуваат задоволство од моменталната економска состојба (87%), пројавуваат доверба во ЕУ (90%) и очекуваат подобрување на општата економска ситуација во земјата (90%) .

### 3.4 Претставата за ЕУ

- **Слободата на патување останува највисоко рангирана вредност и во домашната и во јавноста во ЕУ**

**Табела број 11**

| **QA11** Што за вас лично значи Европската Унија? | ЕУ 27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Мир | 27% | 25% | 34% | 30% | 17% | 17% | 14% | 15% |
| Економски просперитет | 17% | 16% | 46% | 44% | 20% | 24% | 32% | 33% |
| Демократија | 21% | 22% | 22% | 23% | 17% | 17% | 13% | 17% |
| Социјална заштита | 9% | 10% | 16% | 15% | 10% | 12% | 17% | 20% |
| Слобода да се патува, студира и работи насекаде во ЕУ | 44% | 42% | 61% | 57% | 34% | 33% | 23% | 24% |
| Културна разновидност | 20% | 19% | 12% | 8% | 12% | 11% | 11% | 14% |
| Посилна позиција во светот | 23% | 23% | 21% | 19% | 11% | 14% | 10% | 13% |
| Евро | 34% | 33% | 13% | 12% | 20% | 23% | 6% | 6% |
| Невработеност | 11% | 13% | 8% | 6% | 10% | 11% | 10% | 13% |
| Бирократија | 17% | 19% | 4% | 3% | 10% | 10% | 2% | 4% |
| Залудно трошење пари | 19% | 20% | 4% | 3% | 13% | 14% | 7% | 5% |
| Губење на културениот идентитет | 11% | 10% | 7% | 6% | 24% | 23% | 19% | 15% |
| Повеќе криминал | 14% | 11% | 7% | 4% | 20% | 16% | 3% | 3% |
| Немање доволно контрола на надворешните граници | 16% | 12% | 5% | 6% | 9% | 9% | 4% | 2% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 0% | 1% | 1% | 1% | 3% |
| Не знае | 4% | 4% | 4% | 2% | 6% | 4% | 18% | 9% |

Истражувањето покажува дека слободата на патување, студирање и работење насекаде во Европа е вредност која и домашната јавност и јавноста на ЕУ најчесто ја поврзуваат со Унијата. И покрај тоа што бројот на анкетираните кои ја посочуваат оваа вредност се намалил во однос на претходното истражување за два процентни поени (44%; 42%) кај граѓаните на Унијата и за четири кај домашната јавност (61%; 57%), таа останува на врвот на листата на позитивни придобивки на Унијата.

За домашната јавност второрангирана вредност на Унијата е економскиот просперитет (44%), а следуваат мирот (30%) и демократијата (23%). Граѓаните на ЕУ на второ место го рангирале еврото (33%), потоа мирот (25%), посилната позиција во светот (23%) и демократијата (22%). Овие податоци покажуваат дека перцепцијата на вредностите на ЕУ кај просечниот граѓанин на Унијата е блиска

со перцепцијата на граѓаните од земјава. Оваа сличност покажува дека тежнението за интеграција во ЕУ има значајна поткрепа во вредносните ориентации кај граѓаните во земјава.

Сепак, резултатите од пролетниот Евробарометар, споредени со оние од есента 2008, покажуваат тренд на намалување на позитивното мислење кај домашната јавност во однос на речиси сите аспекти на ЕУ. Најизразено е намалувањето на анкетираните кои ЕУ ја поврзуваат со мирот (34%; 30%), културната разновидност (12%; 8%), посилна позиција во светот (21%; 19%) и економскиот просперитет (46%; 44%). Поврзувањето на ЕУ со негативни појави (невработеност, бирократија, залудно трошење пари, губење на културниот идентитет, повеќе криминал и немање доволно контрола на надворешните граници) во земјава и натаму опфаќа мал број граѓани и се движи од 3% за залудно трошење пари и бирократија до 6% за невработеност, губење на културниот идентитет и немање доволно контрола на надворешните граници. Поизразено е намалувањето за три процентни поени на оние кои Унијата ја поврзуваат со повеќе криминал (7%; 4%), но таа, како и останатите, останува во зоната на ниско рангирани појави. Овие податоци потврдуваат дека домашната јавност главно ја поврзува Унијата со позитивните вредности.

Стабилното прво место на слободата на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ на листата вредности со кои граѓаните во земјава ја поврзуваат ЕУ, ги одразува очекувањата на домашната јавност за либерализација на визниот режим со ЕУ.

Кај хрватската јавност, која на вредностите на Унијата исто така гледа од позиција на земја-кандидат, позитивната претстава за Унијата не бележи значајни промени. Резултатите од последниот Евробарометар покажуваат дека се зголемил процентот на Хрватите кои Унијата ја поврзуваат со економски просперитет (20%; 24%) и посилна позиција во светот (11%; 14%), додека за четири процентни поени се намалил бројот на оние кои ја поврзуваат со повеќе криминал (20%;16%).

И во Турција перцепцијата на вредностите на Унијата не претрпела подрастични промени - се зголемил бројот на граѓани кои Унијата ја поврзуваат со демократија (13%; 17%), социјална заштита (17%; 20%), културна разновидност (11%;14%) и посилна позиција во светот (10%;13%). На листата на негативни појави најмногу пораснала загриженоста од невработеноста (10%; 13%), додека се намалил претходно постоечкиот страв од губење на културниот идентитет (19%; 15%).

## 4. Чувствата кон Европската Унија и идентитетот

### 4.1. Позитивни или негативни чувства кон ЕУ

- **Домашната јавност со попозитивен имиџ на Европската Унија од просекот во ЕУ и останатите земји-кандидатки**

Процентот на граѓани во земјата со позитивни чувства кон ЕУ е поголем од просекот на граѓани во земјите-членки на Унијата (59%; 45%). Во изминатите шест месеци позитивниот имиџ на ЕУ кај домашната јавност останува непроменет (59%; 59%), а стабилен е и процентот на граѓани во земјите-членки на ЕУ кои имаат позитивна слика за Унијата (45%; 43%).

Процентот на граѓани кои се изјаснуваат позитивно за имиџот на Европската Унија е стабилен веќе подолго време – 60% во есенскиот Евробарометар во 2008 година, и по 59% во јануарскиот и во јунскиот бран во 2009 година.

**Табела број 12**

| QA10. Општо земено, дали Европската Унија кај Вас буди ... | EU 27<br>ЕБ 71.3<br>јуни 2009 | MK<br>ЕБ 71.3<br>јуни 2009 | HR<br>ЕБ 71.3<br>јуни 2009 | TR<br>ЕБ 71.3<br>јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Многу позитивна слика | 6% | 20% | 4% | 15% |
| Донекаде позитивна слика | 39% | 39% | 24% | 31% |
| Неутрална слика | 36% | 29% | 40% | 20% |
| Донекаде негативна слика | 12% | 8% | 21% | 15% |
| Многу негативна слика | 4% | 3% | 9% | 13% |
| Не знае | 3% | 1% | 2% | 6% |
| **Позитивна слика** | **45%** | **59%** | **28%** | **46%** |
| **Негативна слика** | **16%** | **11%** | **30%** | **28%** |

**Табела број 13**

| QA10. Општо земено, дали Европската Унија кај Вас буди ... | EU27<br>ЕБ 71.1<br>јануари 2009 | MK<br>ЕБ 71.1<br>јануари 2009 | HR<br>ЕБ 71.1<br>јануари 2009 | TR<br>ЕБ 71.1<br>јануари 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Многу позитивна слика | 6% | 21% | 7% | 8% |
| Донекаде позитивна слика | 37% | 38% | 21% | 23% |
| Неутрална слика | 38% | 27% | 39% | 24% |
| Донекаде негативна слика | 13% | 8% | 17% | 18% |
| Многу негативна слика | 4% | 4% | 9% | 22% |
| Не знае | 2% | 2% | 7% | 5% |
| **Позитивна слика** | **43%** | **59%** | **28%** | **31%** |
| **Негативна слика** | **17%** | **12%** | **26%** | **40%** |

Овој стабилен тренд уследи по опаѓањето забележано по пролетниот Евробарометар во 2008 година, кога 67% граѓани се изјаснија позитивно за ЕУ. Намалувањето на бројот на граѓани кај кои ЕУ побудува позитивна слика во периодот помеѓу 2008 и 2009 година се должи на разочараноста на граѓаните од недобивањето членство во НАТО на Самитот во Букурешт пролетта 2008 г., недобивањето датум за преговори со Унијата, потоа на пораспространетото чувство на неприфатеност од ЕУ и опаѓањето на ентузијазмот за приклучување кон Унијата. Од друга страна, пак, стабилното мнозинство граѓани кои имаат

позитивни чувства кон Унијата укажува на постоење очекувања и надежи поврзани со влезот во Унијата кои се изразуваат како широко распространета поддршка во јавноста за приближувањето на земјата кон Унијата. Теренската работа на овој бран на Евробарометарот заврши пред најавувањето на либерализација на визниот режим од страна на Унијата. Од таа причина, во наредниот период ќе биде можно да се проценат ефектите од оваа најава врз чувствата и наклонетоста на граѓаните кон Унијата.

Европската Унија буди позитивна слика кај поголем број граѓани во домашната јавност (59%) во однос на другите две земји-кандидатки Хрватска (28%) и Турција (46%). Оваа слика ја поткрепува и фактот дека бројот на граѓани кои се изјасниле негативно во однос на сликата која ја имаат за Унијата е трипати помал во домашната јавност отколку во Хрватска и Турција (11%; 30%; 28%). Како и кај домашната јавност така и кај јавноста во Хрватска индикаторите за наклонетоста на граѓаните кон ЕУ остануваат непроменети во однос на јануарскиот Евробарометар. За разлика од овие две кандидатки, во Турција се забележува зголемување на процентот на граѓани со позитивни чувства кон ЕУ (31% во јануари; 46% во јуни).

**Социодемографска анализа** покажува дека во земјава помладите граѓани на возраст од 15 до 24 години во поголем број имаат позитивна слика за ЕУ, во однос на постарите граѓани - на возраст над 55 години (72%; 51%). Значаен фактор кој влијае на имиџот на Унијата кај домашната јавност е степенот на образование. Граѓаните со понизок степен на образование во помал процент имаат позитивна слика во однос на оние со повисок степен на образование и студентите (54%; 64%; 72%). На сличен начин, степенот на образованието ја одредува позитивната слика за Унијата и во земјите на ЕУ27 (36%; 53%; 60%).

Интересно е да се напомене дека ЕУ буди позитивна слика во поголем број кај граѓаните во земјава кои имаат потешкотии да ги платат сметките (64%) отколку кај граѓаните кои не се соочуваат со такви потешкотии (54%), додека кај жителите на ЕУ е обратно. Европејците со позитивна слика за ЕУ се побројни помеѓу оние кои немаат потешкотии да ги платат сметките (48%), а помеѓу оние кои се соочуваат со вакви потешкотии во помал број имаат позитивна слика за ЕУ (32%). Овие разлики потврдуваат дека позитивната слика за Унијата помеѓу граѓаните во земјите на ЕУ27 се темели на **постигнатото ниво на уживање во благодетите од членството во Унијата** наспроти **надежите за подобрување на своите социјални и економски перспективи** кај посиромашните социјални слоеви во земјава.

### 4.2. Перцепцијата на елементите на европскиот идентитет

#### • Демократските вредности и социјалната заштита – најважни елементи на европскиот идентитет за домашната јавност

Домашната јавност смета дека демократските вредности (36%) и високото ниво на социјална заштита (30%) се најважните елементи на европскиот идентитет. Социо-демографската анализа покажува дека кај речиси сите социо-демографски категории, и покрај извесните варијации, најголем број граѓани ги издвојуваат демократските вредности како база на европскиот идентитет, а потоа, без исклучок, се посочува добрата социјална заштита. Исклучок се мануелните работници кои во поголем број и даваат приоритет на социјалната

сигурност во однос на демократските вредности (42%; 37%), како и граѓаните во помалите градови (33%; 31%), жителите во Вардарскиот регион (44%; 26%), југоисточниот (33%; 31%) и источниот дел од земјава (30%; 23%). Овие податоци укажуваат дека сегментите на јавноста кои се чувствуваат социјално загрозени имаат поизразен мотив високото ниво на социјалната заштита да го гледаат како базична вредност на европскиот идентитет

**Табела број 14**

| QE1. Според Ваше мислење, кои од следниве се двата најважни елемента што го сочинуваат европскиот идентитет? | EU27 | MK | HR | TR |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Заедничката историја | 24% | 21% | 21% | 20% |
| Географијата | 25% | 23% | 33% | 18% |
| Демократските вредности | 41% | 36% | 35% | 20% |
| Високото ниво на социјална заштита | 24% | 30% | 15% | 14% |
| Заедничката култура | 23% | 19% | 22% | 24% |
| Заедничкото религиозно наследство | 8% | 10% | 10% | 22% |
| Претприемништво | 11% | 11% | 24% | 9% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Ниту едно / Не постои европски идентитет | 5% | 5% | 2% | 4% |
| Не знае | 8% | 9% | 8% | 18% |

За хрватската, исто како и за домашната јавност, прв најважен елемент на европскиот идентитет се демократските вредности (35%), а втор најважен елемент е географијата (33%). Граѓаните на Турција, за разлика од другите две земји-кандидатки, како најважни елементи на европскиот идентиет ги наведуваат заедничката култура (24%) и заедничкото религиозно наследство (22%). Турција има поразлично културно и религиозно наследство од земјите- членки на Унијата и од останатите кандидатки, што веројатно придонесува кон тоа нејзините граѓани да ги воочуват овие разлики и да ги истакнуват како посакувани заеднички вредности на Унијата.

Што се однесува до граѓаните на на 27-те земји-членки, централен елемент што го карактеризира европскиот идентитет се демократските вредности (41%), а следуваат географијата (25%), заедничката историја (24%), високото ниво на социјална заштита (24%) и заедничката култура (23%).

### 4.3. Основата на личниот идентитет

**• Граѓаните во земјава личниот идентитет го врзуваат за местото на живеење и националната припадност**

**Графикон број 11**




**Графикон број 12**




Најголем дел од домашната јавност својот личен идентитет го врзува за местото на живеење (94%)[4], а потоа со националниот идентитет (85%). Значаен дел од жителите на земјава (76%) себеси се сметаат за граѓани на светот и земјава е на третото место според бројот на граѓани чиј личен идентитет има космополитска димензија. Како граѓани со европски идентитет се изјаснуваат мнозинството анкетирани (53%) но тие, сепак, сочинуваат најмала група во однос на групите базирани на останатите одредници на личниот идентитет.

[4] Одговорите на прашањата QE4 во кој степен вие лично мислите дека сте ...Европеец, Националноста, жител на Вашиот регион и граѓанин на светот како географски одредници на личниот идентите се агрегирани **да** (во голем степен и донекаде) и **не** (не многу и воопшто не)

За 98% од жителите на Хрватска и на Турција личниот идентитет е еднакво поврзан со националниот идентитет и со припадноста на регионот. Во Хрватска, идентификувањето со регионот во кој испитаниците живеат оди рака под рака со националниот (98% од граѓаните се сметаат за жители на регионот; 97% се сметаат за Хрвати). Слично е и во Турција - 88% од жителите го врзуваат својот идентитет за местото на живеење и во речиси еднаков број (90%) основа на личниот идентитет е нивната национална припадност.

Во однос на националниот идентитет, жителите на земјите-членки на Унијата во просек се сметаат за граѓани со национален идентитет (94% - оваа пропорција останува непроменета од Евробарометарот спроведен во пролетта 2008 година). Од овој просек отскокнуваат граѓаните на Луксембург каде 81% од жителите се сметаат себе за Луксембуржани. Голем дел од Европејците (91%) се идентификуваат со местото на живеење.

**Графикон број 13**




Од земјите-кандидатки, граѓаните на Хрватска (72%) во најголем а граѓаните на Турција (30%) во најмал број се изјаснуваат како Европејци. Граѓаните на нашата земја се некаде на средината (53%). Во просек, 74% од граѓаните во Унијата велат дека се идентификуваат со европскиот идентитет. Под просекот се турскиот дел на Кипар (со 26% граѓани кои се чувствуваат како Европејци), како и Турција (со 30%). Во рамките на членките на Унијата, Велика Британија (со 48%) и Грција (со 53%) се земји чии жители најмалку се сметаат за Европејци.

### Графикон број 14




Кај трите земји-кандидатки, граѓаните во речиси ист процент се изјаснуваат како граѓани на светот (МК 76%; TR 74%; HR 76%). Во Унијата тој процент е помал (64%), пред се поради поцврстата приврзаност кон европскиот идентитет.

## 4.4. Чувството на прифатеност од ЕУ

### Големо мнозинство граѓани во земјава сметаат дека нивниот глас не се зема предвид во ЕУ

### Графикон број 15




Во јунското истражување во земјава, четвртина од граѓаните (25%) се изјасниле дека нивниот глас значи нешто во ЕУ, а 65% го имаат спротивното мислење. Сличен број граѓани го имале истиот став и во октомври 2008 година (24%; 66%).

**Табела број 15**

| QA12_6. Гласот на нашата земја се зема предвид во ЕУ | EU27<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 | MK<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 | HR<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 | TR<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Би се согласиле | 61% | 23% | 33% | 28% |
| Не би се согласиле | 30% | 63% | 57% | 59% |
| Не знае | 9% | 14% | 10% | 13% |

Во слична пропорција јавноста во земјава го перцепира третманот на изразените ставови на земјата од страна на Унијата. Речиси една четвртина од граѓаните (23%) сметаат дека гласот на нашата земја се зема предвид во Унијата, наспроти 63% кои сметаат дека тоа не е случај. И овој процент останува непроменет во однос на октомврискиот Евробарометар од 2008 година. Забавеното темпо на приближување на земјата кон ЕУ (4 години од добивањето на кандидатскиот статус не добила датум за пристапни преговори) е основната причина за широко распространетото чувство на неприфатеност во домашната јавност од страна на ЕУ.

Слична е ситуацијата и во останатите две земји-кандидатки. И во Хрватска и во Турција 30% од граѓаните сметаат дека нивниот глас значи нешто во Унијата, а 61% во Хрватска и 57% во Турција се со спротивно мислење. Во однос на чувството на граѓаните за важноста и за влијателноста на нивната земја во ЕУ, Хрватите (33%) се изјаснуваат позитивно во поголем процент од граѓаните во Турција (28%) и во земјава (23%). Овие проценти се слични и во есенскиот Евробарометарот во 2008 г. (36%; 24%; 23%).

**Табела број 16**

| QA12_3. Мојот глас значи нешто во Европската Унија | EU6<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 | EU27<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|
| Би се согласиле | 42% | 38% |
| Не би се согласиле | 49% | 53% |
| Не знае | 9% | 9% |

Просекот на граѓани кои во 27-те земји-членки сметаат дека нивниот глас значи во Унијата е нешто повисок отколку кај граѓаните на земјите-кандидатки, а бележи пораст во однос на есента 2008 година (30%; 38%). Помеѓу земјите во рамките на Унијата исто така постојат варијации во однос на ова прашање. Највисок процент (42%) е присутен во земјите ЕУ6, односно шесте земји основачи на Унијата: Франција, Германија, Белгија, Холандија, Луксембург и Италија.

**Табела број 17**

| QA12_6. Гласот на нашата земја се зема предвид во ЕУ | EU 6<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 | EU27<br>ЕВ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|
| Би се согласиле | 69% | 61% |
| Не би се согласиле | 23% | 30% |
| Не знае | 8% | 9% |

Речиси две третини од жителите на земјите-членки (61%) сметаат дека гласот на нивната земја се зема предвид во Унијата, што е скоро двојно повеќе во однос на процентот на граѓани кои се изјаснуваат позитивно за влијанието на својот индивидуален глас. Највисок просечен број на испитаници (69%) кои сметаат дека гласот на земјата се зема предвид во ЕУ има повторно во земјите на ЕУ6.

**Социодемографската анализа** покажува дека 40% од граѓаните кои сметаат дека домашната ситуација со вработувањето е добра, сметаат дека нивниот глас се зема предвид во ЕУ. Од друга страна, 24% од испитаниците кои сметаат дека домашната ситуација со вработувањето е лоша, во значително помал број сметаат дека нивниот глас се слуша во ЕУ.

Жителите на земјите-членки на Унијата се исто така поделени во мислењата за тоа колку нивниот индивидуален глас и колку гласот на нивните земји се зема предвид во Унијата. Граѓаните кои се во полоша економска ситуација (тешкотии во плаќање на сметките, пониска позиција на социјалната скала, помало задоволство со начинот на живот и финансиската ситуација во домаќинството) во помал број (25%) сметаат дека нивниот глас се зема предвид во ЕУ од граѓаните кои се во подобра економска позиција (42%). Пообразованите граѓани во поголем број (47%) сметаат дека нивниот глас се зема предвид во Унијата во однос на оние со пониско образование (30%). Исто така, Европејците кои имаат доверба во Унијата (57%) и кои со оптимизам гледаат на нејзината иднина во поголем број сметаат дека нивниот глас се зема предвид во однос на оние кои попесимистички гледаат на ЕУ (20%).

## 5. Иднината на Европската Унија

### 5.1. Оптимистичка или песимистичка иднина на ЕУ

### • Во земјава владее оптимизам за иднината на Европската Унија

Јавноста во земјата за 11 процентни поени повеќе изразува оптимизам за иднината на Европската Унија во однос на просекот на нејзините земји-членки (74%; 63%) и на останатите две земји-кандидатки Хрватска и Турција (56%; 53%). Бројот на граѓани во земјава кои со оптимизам гледаат на ЕУ спласнал за девет процентни поени во споредба со пролетниот Евробарометар од 2008 година (83%; 74%).

Граѓаните во земјава го надминуваат европскиот просек, не само во однос на бројноста туку и кога станува збор за интензитетот на оптимизмот околу иднината на Унијата. Девет проценти од европските граѓани се изјаснуваат како многу оптимистични за иднината на Унијата, наспроти 20% граѓани во земјава. Овој процент беше поголем во пролетта 2008 година, кога 31% од граѓаните имаа многу позитивно мислење за иднината на ЕУ. Иако ентузијазмот во однос на Унијата е намален, меѓу граѓаните очигледно постојат високи очекувања од влезот на земјава во ЕУ, што придонесува да го надминуваме европскиот просек во однос на позитивното гледање на иднината на ЕУ.

**Табела број 18**

| EB71 QF1. Дали би рекле дека сте во поглед на идни ната на ЕУ? | EU 27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | EB 69.2 март 2008 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 69.2 март 2008 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 69.2 март 2008 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 69.2 март 2008 | EB 71.3 јуни 2009 |
| Многу оптимистични | 9% | 9% | 31% | 20% | 9% | 10% | 15% | 18% |
| Донекаде оптимистични | 54% | 55% | 52% | 54% | 41% | 46% | 39% | 35% |
| Донекаде песимистични | 22% | 23% | 10% | 16% | 24% | 28% | 17% | 25% |
| Многу песимистични | 6% | 6% | 4% | 5% | 9% | 11% | 13% | 10% |
| Не знае | 9% | 7% | 3% | 5% | 17% | 5% | 16% | 12% |
| **Оптимистични** | **63%** | **64%** | **83%** | **74%** | **50%** | **56%** | **54%** | **53%** |
| **Песимистични** | **28%** | **29%** | **14%** | **21%** | **33%** | **39%** | **30%** | **35%** |

**Социо-демографската анализа** покажува дека возраста ги диференцира граѓаните на оние кои се помлади и кои во поголем број имаат оптимизам за иднината на Унијата, наспрема оние кои се постари и кои во помал број гледаат со оптимизам (84%; 67%). Граѓаните кои се наоѓаат повисоко на социјалната хиерархија во поголем број изразуваат оптимизам за ЕУ наспрема граѓаните кои им припаѓаат на пониските социјални слоеви (83%; 65%). Ставовите за ЕУ покажуваат конзистентност со степенот на доверба во Унијата, па така граѓаните кои имаат доверба во Унијата во поголем број покажуваат оптимизам за нејзината иднина (83%) во однос на оние кои немаат доверба во Унијата (60%).

### 5.2. Каков ќе биде животот на европските граѓани

**• Граѓаните во земјава сметаат дека животот во ЕУ по 2030 година ќе биде полесен**

Процентот на граѓани во домашната јавност кои очекуваат полесен живот во ЕУ по 2030 година е за цели 19 процентни поени поголем од европскиот просек (47%; 28%). Граѓаните во земјава имаат пооптимистички ставови и во споредба со останатите две земји-кандидатки Хрватска и Турција (31%; 39%).

Според наодите на најновиот Евробарометар, жителите на ЕУ се поделени во однос на очекувањата за животот во ЕУ по 2030 година, односно 28% сметаат дека животот ќе биде полесен, 32% дека ќе биде потежок и 30% сметаат дека животот ќе биде ист и по 2030 година. Во рамките на земјите-членки постојат варијации во однос на оптимизмот кој граѓаните го имаат за животот по 2030 година. Граѓаните на Австрија во најмал број изразуваат оптимизам за животот во ЕУ по 2030 година, и тоа за 17 процентни поени помалку од европскиот просек (11%). Граѓаните на Литванија, пак, отскокнуваат од европскиот просек со 31 процентен поен и се земја со најголем број граѓани кои сметаат дека животот во 2030 во ЕУ ќе биде полесен од денес (59%).

**Табела број 19**

| QF2. Замислете ја Европската Унија во 2030 година. Споредена со денес, дали животот на европските граѓани би бил... % | EU27 | MK | HR | TR |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Полесен | 28% | 47% | 31% | 39% |
| Потежок | 32% | 20% | 34% | 34% |
| Ниту полесен  ниту потежок | 30% | 26% | 27% | 15% |
| Не знае | 10% | 7% | 8% | 12% |

**Социо-демографската анализа** на податоците покажува дека делот од домашната јавност кој се изјаснува позитивно за Европската Унија, т.е. оној дел кој верува во ЕУ (57%), кој смета дека нештата во Унијата се движат во правилна насока (60%) и кој со оптимизам гледа на иднината на Унијата (59%), во значително поголем број очекува животот по 2030 година да биде полесен во однос на просекот во државата. Истата тенденција се забележува и кај граѓаните на земјите–членки на Унијата.

### 5.3. Двете најважни прашања во земјата во 2030 година

**• Економската ситуација и невработеноста и во 2030 година ќе бидат најважните прашања за земјата**

Економската ситуација во земјата и степенот на невработеноста, како теми кои ја преокупираат домашната јавност, се очекува дека ќе бидат најважните прашања со кои земјата ќе се соочува и во 2030 година, според наодите од пролетниот Евробарометар. Најголем дел од граѓаните во земјава (39%) сметаат дека најважното прашање ќе биде економската ситуација, а како второ најважно прашање ја наведуваат невработеноста (25%). Социо-демографската анализа покажува дека оваа грижа е еднакво распространета меѓу различните стратуми во општетвото во однос на возраста, образованието, финансиската ситуација во домаќинството и ставовите за развојот на нашата земја и на Унијата.

**Табела број 20**

| QF18. Се уште замислувајќи како ќе биде во 2030 година, според Ваше мислење, кои ќе бидат двете најважни прашања во нашата земја со кои ќе се соочи во 2030 година? % | EU27 | MK | HR | TR |
|---|---|---|---|---|
| | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.3 јуни 2009 | EB 71.3 јуни 2009 |
| Криминалот | 18% | 22% | 32% | 15% |
| Економската ситуација | 23% | 39% | 35% | 34% |
| Пораст на цените / инфлацијата | 12% | 12% | 15% | 11% |
| Оданочувањето | 6% | 6% | 4% | 3% |
| Невработеноста | 20% | 25% | 24% | 37% |
| Тероризмот | 9% | 7% | 9% | 25% |
| Одбраната / Надворешните работи | 4% | 5% | 4% | 6% |
| Станбеното прашање | 6% | 3% | 5% | 2% |
| Имиграцијата | 13% | 9% | 7% | 6% |
| Здравствениот систем | 15% | 5% | 7% | 6% |
| Образовниот систем | 5% | 3% | 2% | 4% |
| Пензиите | 17% | 5% | 10% | 4% |
| Заштитата на животната средина | 16% | 12% | 14% | 4% |
| Животната средина | 16% | 14% | 10% | 4% |
| Енергијата | 11% | 10% | 13% | 5% |
| Друго | 0% | 1% | 1% | 0$ |
| Ниедно | 0% | 2% | 0% | 1% |
| Не знае | 8% | 10% | 7% | 10% |

Економската ситуација ќе биде најважно прашање со кое земјата ќе се соочува во 2030 година и според граѓаните во Унијата и во Хрватска (23%; 35%). За граѓаните на Унијата, како и во домашната јавност, невработеноста во земјата во која живеат е второто најважно прашање со кое очекуваат дека ќе се соочуваат во иднина (20%). За хрватската јавност второ најважно прашање е криминалот (32%). Турската јавност, за разлика од другите земји, пред грижата за економската ситуација (34%) ја става состојбата со невработеноста (37%). Грижата на европските граѓани е насочена кон економската ситуација, исто како и во земјите-кандидатки. Значајно е да се напомене дека делот граѓани кои ја

изразуваат оваа загриженост во Унијата е за околу 10 процентни поени помал во однос на земјите-кандидатки.

### 5.4. Толеранција за малцинствата во ЕУ

**• Според домашната јавност, европското општество ќе биде потолерантно за малцинствата по 2030 година**

Граѓаните во земјата со оптимизам гледаат и на развојот на европското општество. Тие сметаат дека луѓето во ЕУ ќе живеат во општество кое ќе биде потолерантно во однос на етничките и религиозните малцинства и нивниот број го надминува просекот во Унијата за 11 процентни поени (54%; 43%). Турција, како една од земјите-кандидатки, е поблиску до европскиот просек каде 42% од граѓаните сметаат дека општеството ќе биде потолерантно во 2030 година, а граѓаните на Хрватска се поблиску до просекот во земјава (49%).

Во рамките на земјите-членки на Унијата, една третина од граѓаните (31%) сметаат дека општеството ќе биде помалку толерантно во однос на етничките и религиозните малцинства во 2030 година. Оптимистите во однос на ова прашање ги надминуваат скептиците за 12 процентни поени (43%) – тие се убедени дека во иднина луѓето ќе живеат во потолерантно општество. Наспроти доминацијата на граѓани кои се надеваат на поголема толеранција кон малцинствата, во неколку од земјите-основачи на Унијата – Холандија (44%), Франција (43%), Белгија и Луксембург (двете по 43%), бројот на скептиците е повисок за околу 10 процентни поени во однос на просекот во Унијата (31%).

**Табела број 21**

| QF8. Дали мислите дека во 2030 година во Европската Унија луѓето ќе живеат во општество кое ќе биде повеќе или помалку толерантно во однос на етничките и религиозните малцинства? % | EU27<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | MK<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | HR<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | TR<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Потолерантно | 43% | 54% | 49% | 42% |
| Помалку толерантно | 31$ | 26% | 33% | 38% |
| Нема да има промени, ќе биде исто како и во денешното општество | 16% | 13% | 12% | 8% |
| Не знае | 10% | 7% | 6% | 12% |

**Социо-демографската анализа** и кај домашната јавност и кај јавноста во 27-те земји-членки покажува дека граѓаните со повисок степен на образование (МК 65%; ЕУ27 50%) очекуваат полиберално општество во иднина за разлика од оние со понизок степен на образование (МК 50%; ЕУ27 34%). Граѓаните кои веруваат во ЕУ (МК 59%; ЕУ27 54%) и кои со оптимизам гледаат на нејзиниот развој и иднина (МК 60%; ЕУ27 54%) сметаат дека таа ќе прерасне во уште потолерантно општество во однос на религиозните и етничките различности.

## 6. Предизвиците од глобализацијата

### 6.1 . Каков предизвик е глобализацијата?

- **Домашната јавност и јавноста во ЕУ гледаат на глобализацијата како на можност за економски развој**

**Табела број 22**

| Qb3_1 Глобализацијата - можност за економски развој | EU27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Се согласувам | 56% | 59% | 66% | 66% | 58% | 62% | 34% | 55% |
| Не се согласувам | 27% | 27% | 20% | 19% | 31% | 27% | 30% | 23% |
| Не знам | 17% | 14% | 14% | 15% | 11% | 11% | 36% | 22% |

Резултатите од пролетниот Евробарометар 2009 покажуваат дека во земјите на ЕУ расте позитивниот став кон глобализацијата и нејзиниот придонес за подобар економски развој (56%;59%). Иако бележи надолен тренд, значаен процент од граѓаните на ЕУ (17%; 14%), се уште чувствува неизвесност од последиците на глобализацијата.

Резултатите укажуваат на конзистентност во ставовите на домашната јавност, која и натаму во глобализацијата гледа перспективи за брз економски развој (66%; 66%). Скептицизмот се намалил за еден процентен поен (20%; 9%), но останува значаен бројот на анкетирани кои не знаеле да одговорат на ова прашање (14%;15%), што сведочи за неизвесност од последиците на глобализацијата кај значителен дел од јавноста.

Пораст на позитивните ставови е забележан и кај другите две земји-кандидатки. Во Хрватска, бројот на граѓаните кои сметаат дека глобализацијата придонесува за побрз економски развој на нивната земја е зголемен за четири процентни поени (58%; 62%) за сметка на бројот на лицата кои имаат спротивно мислење (31%; 27%). Значителено е зголемен процентот на граѓаните на Турција кои веруват во оваа придобивка од глобализацијата (34%; 55%). Истовремено, се намалува бројот на оние што не се согласуваат со тоа (30%; 23%), но и бројот на оние коишто не знаеле да одговорат на ова прашање (36%; 22%), што е можен индикатор за сé поголемата увереност на граѓаните во позитивното влијание на глобализацијата врз економскиот развој на нивната земја. Сепак, важно е да се истакне дека во Турција, и покрај позитивниот тренд, неизвесноста од последиците на глобализацијата е многу поприсутна отколку во сите други земји опфатени со истражувањето.

**Социо-демографската анализа покажува** дека во земјава најголема верба во позитивното влијание на глобализацијата врз развојот на економијата имаат самовработените (73%) и менаџерите (70%). Индикативна е разликата од цели девет процентни поени на ставовите во однос на ова прашање меѓу приврзаниците на левицата (64%) и на владејачката десница (75%). Повеќе од три четвртини (84%) од испитаниците кои имаат позитивен став во однос на овој бенефит од глобализацијата изразуваат задоволство но и стравување за

економската ситуација, како во земјата така и во Унијата. Овие резултати се должат на општата атмосфера на загриженост која ја предизвика светската економска криза, песимистичките прогнози за продлабочување на кризата и недовербата во политиките на наоѓање излез од ситуацијата.

- **Расте перцепцијата кај домашната јавност и јавноста во ЕУ дека глобализацијата ги продлабочува социјалните разлики**

**Табела број 23**

| **Qb3_2 Глобализацијата ги зголемува социјалните нееднаквости** | **EU27** | | **MK** | | **HR** | | **TR** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Се согласувам | 56% | 62% | 53% | 64% | 63% | 70% | 37% | 53% |
| Не се согласувам | 26% | 23% | 28% | 18% | 23% | 19% | 25% | 23% |
| Не знам | 18% | 15% | 19% | 18% | 14% | 11% | 38% | 24% |

Анализата на резултатите од последниот Евробарометар покажува дека во земјите на ЕУ, за цели шест процентни поени се зголемил ставот дека глобализацијата ќе придонесе за зголемување на социјалните нееднаквости меѓу луѓето (56%; 62%). Процентот на оние коишто не веруваат дека постојниот систем на глобализација, управуван од големите корпорации, ќе ги продлабочува социјалните разлики, се намалува (26%; 23%). Неизвесноста од последиците на глобализацијата, чијашто доминантна цел е профитот, се одразува во и натаму високиот процент на граѓани кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (18%;15%).

Ставот за негативното влијание на глобализацијата врз социјалната сегментација расте и кај домашната јавност (53%; 64%), за сметка на лицата кои се изјасниле дека глобализацијата нема вакво негативно влијание (28%; 18%). Сепак, останува значаен бројот на анкетирани кои не знаеле да одговорат на ова прашање (19%;18%).

Во Хрватска се забележува пораст за седум процентни поени (63%; 70%), додека во Турција за цели 16 процентни поени (37%; 53%), на бројот на граѓаните коишто сметаат дека глобализацијата придонесува за зголемување на социјалната нееднаквост во земјата. И покрај тоа што е намален бројот на оние што не знаеле да одговорат на ова прашање (38%; 24%), резултатите покажуваат дека кај граѓаните во Турција постои изразена неизвесност во однос на ефектите од глобализацијата.

Генерален тренд во јавноста на земјите опфатени со Евробарометарот е порастот на загриженоста дека глобализацијата ја продлабочува социјалната нееднаквост за сметка на очекувањата дека таа претставува добра можност за економски развој на нивните земји.

**Социо-демографската анализа покажува** дека перцепцијата на домашната јавност дека глобализацијата ќе придонесе за зголемување на социјалната нееднаквост е најмногу изразена кај анкетираните со средно и со

високо образование (73%), менаџерите (79%) и службениците (78%). Интересно е дека најголем процент од луѓето кои го делат ова мислење се рангираат себеси високо на социјалната скала (68%), изразуваат задоволство од актуелната животна ситуација (67%) и само понекогаш имаат потешкотии во плаќањето на сметките (66%). Бранот на загриженоста од негативните последици од глобализацијата, по се изгледа, повеќе ги зафаќа припадниците на повисоките слоеви на социјалната пирамида затоа што глобализацијата ги соочува со ризици од губење на поволната социјална позиција во која сега се наоѓаат.

- **Домашната и јавноста во ЕУ се повеќе убедени во неопходноста од „светско управување" како последица на глобализацијата**

**Табела број 24**

| **Qb3_3 Глобализација - неопходно остоење на заеднички правила во светот** | **EU27** | | **MK** | | **HR** | | **TR** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 69.2 март 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 |
| Се согласувам | 64% | 73% | 58% | 62% | 63% | 70% | 40% | 59% |
| Не се согласувам | 18% | 14% | 17% | 16% | 20% | 15% | 18% | 16% |
| Не знам | 18% | 13% | 25% | 22% | 17% | 15% | 42% | 25% |

Евидентен е порастот на увереноста кај испитаниците, и во земјите-членки и во кандидатките, во неоходноста од постоење заеднички правила во светот како резултат на глобализацијата. Кај земјите од ЕУ тој став е поприсутен за 9% (64%; 73%), во нашата земја за 4% (58%; 62%), во Хрватска за 7% (63%; 70%) додека најголем пораст е забележан во Турција од 19% (40%; 59%).

Сепак, индикативен е високиот процент на лица кои не знаеле како да одговорат на ова прашање, што повторно зборува за недоволната информираност за процесот на глобализација и за нејзините ефекти.

## 6.2. Заштитата на ЕУ од негативните ефекти на глобализацијата

- **Домашната јавност пројавува најголема верба во мерките кои ги презема ЕУ за заштита на граѓаните од негативните ефекти на глобализацијата**

**Табела број 25**

| **QB5a ЕУ им помага на европските граѓани да се заштитат од негативните ефекти на глобализацијата** | **ЕУ 27** | | **MK** | **HR** | **TR** |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.1 јануари 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 71.3 Јуни 2009 | ЕВ 71.3 Јуни 2009 | ЕВ 71.3 Јуни 2009 |
| Се согласувам | 45% | 47% | 61% | 42% | 49% |
| Не се согласувам | 38% | 36% | 26% | 42% | 26% |
| Не знам | 17% | 17% | 13% | 16% | 25% |

Резултатите покажуваат дека домашната јавност има натпросечна доверба во мерките кои ги презема ЕУ за заштита на своите граѓани од негативните последици на глобализацијата (61%). Цели 14 процентни поени од анкетираните граѓани на земјава изразиле поголема доверба од довербата

којашто ја изразиле самите граѓани на Унијата (47%). Ова се должи на идеализираната претстава кај нашите граѓани за Европа како место на остварена човекова благосостојба. Околу 13% не знаеле како да одговорат на ова прашање.

Во Хрватска постои поделеност на јавното мислење во однос на ова прашање. Речиси половина од јавноста во Турција има позитивна перцепција за заштитата која ја презема Унијата (49%) во однос на 26%, кои не се согласуваат со тие мерки. Во Турција е исто така натпросечен и бројот на луѓе кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (25%).

Последниот Евробарометар покажува дека практично половина од анкетираните граѓани на земјите-членки на ЕУ веруваат дека Унијата ги заштитува од негативните ефекти на глобализацијата (47%). Во оваа насока најпозитивен став имаат граѓаните на Данска (58%; 65%) и на Малта каде што постои зголемување за цели 16 процентни поени во однос на претходниот Евробарометар (48%; 64%). Сепак, повеќе од третина од анкетираните во Унијата не се согласуваат со ова тврдење (36%). Во Грција, довербата во заштитата од негативните ефекти на глобализацијата од страна на ЕУ, во однос на претходниот Евробарометар, се намалила за цели 10% (42%; 32%). Останатите земји каде согласноста во јавноста со ова тврдење е под просекот се Летонија (34%), Обединетото Кралство (38%) и Чешка (39%). Од друга страна, останува непроменет бројот на граѓани кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (17%; 17%) што зборува за недоволната јасност кај значаен дел од граѓаните за мерките кои Унијата ги презема за заштита од негативните ефекти на глобализацијата.

**Социо-демографската анализа покажува дека** во земјава најпозитивен став во однос на ова прашање имаат самовработените лица (71%) и менаџерите (67%), додека тој став е значително помалку присутен помеѓу пензионерите (47%). Важно е да се истакне дека 69% од анкетираните коишто сметаат дека ЕУ ги заштитува своите граѓани од неповолните последици на глобализацијата, истовремено се изјасниле дека имаат доверба во ЕУ и оптимистички гледаат на нејзината иднина. Што се однесува до граѓаните кои не знаеле како да одговорат на ова тврдење, 18% од нив се позиционираат себеси многу ниско на социјалната скала, релативно често имаат проблеми во редовното плаќање на сметките (14%), 19% имаат само основно образование и 13% никогаш не користеле Интернет.

### 6.3. Глобализацијата - добра можност или закана за земјата?

- **Јавноста во земјава во глобализацијата гледа закана за вработувањата и компаниите**

**Табела број 26**

| **Qb4a Кое од следниве две тврдења е најблиску до Вашиот став во поглед на глобализацијата?** | **EU27** | | **MK** | | **HR** | | **TR** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 70.1 октомври 2008 | ЕВ 1.3 јуни 2009 |
| Глобализацијата претставува добра можност за нашата земја | *36%* | *42%* | *32%* | *37%* | *35%* | *44%* | *38%* | *46%* |
| Глобализацијата претставува закана за вработувањата и компаниите во нашата земја | *42%* | *42%* | *49%* | *48%* | *33%* | *27%* | *31%* | *34%* |
| Не знам | *22%* | *16%* | *19%* | *15%* | *32%* | *29%* | *31%* | *20%* |

Резултатите од пролетниот Евробарометар 2009 покажуваат дека во земјите на ЕУ јавното мислење за придобивките и за негативните ефекти од глобализацијата е поделено (42%; 42%). За разлика од растечката клима на недоверба кон процесот на глобализација која ја покажаа резултатите од минатогодишниот Евробарометар, во европската јавност се зголемува оптимизмот во однос на придобивките од глобализацијата (36%;42%). Исто така, бројот на оние коишто не знаеле да одговорат се намалил за 6% (22%; 16%), што е своевидна потврда за постепеното намалување на неизвесноста од последиците на глобализацијата. Сепак, скептицизмот останува непроменет. Граѓаните од ЕУ и натаму имаат непроменето мислење за негативните ефекти кои глобализацијата ги има врз вработувањата и компаниите (42%;42%).

Во однос на ова прашање, состојбата во нашата земја е изненадувачки поинаква. Домашната јавност, покрај изразената позитивна перцепција кон процесот на европеизација и силната доверба во Унијата, и натаму е повеќе уверена во негативните ефекти на глобализацијата врз вработувањето и компаниите (47%) отколку што верува дека процесот на глобализација е добра шанса за земјата (38%). Можна причина за тоа е актуелната економска ситуација во земјава и се полошите прогнози за продлабочување на кризата. Сепак, трендот на пораст на позитивната перцепција на глобализацијата постои и кај нас. Во споредба со јануарскиот Евробарометар, бројот на анкетирани кои се изјаниле позитивно во просек се зголемил за 5% (32%;37%) за сметка на бројот на оние коишто не знаеле како да одговорат на ова прашање и кој се намалил за 4% (19%;15%).

Во Хрватска 44% од анкетираните граѓани сметаат дека глобализацијата е многу повеќе добра можност за нивната земја, наспроти 27% коишто сметаат дека таа е закана за вработувањата и компаниите. Во Турција расте бројот на граѓани кои ценат дека глобализацијата е многу повеќе добра можност за нивната земја (38%; 46%), наспроти 34% од анкетираните коишто

глобализацијата ја перцепираат како закана. Намален е и бројот на анкетираните коишто не знаеле како да одговорат. Во Хрватска е евидентирано намалување од 3% (32%; 29%), додека во Турција за 9% (31%;20%).

**Социо-демографската анализа покажува дека** во земјава најголем е процентот на менаџерите (58%) кои веруваат дека глобализацијата е добра можност за земјава, потоа следуваат анкетираните на возраст од 15 до 24 год (50%). Најмногу присутен е скептичниот став кај службениците (41%) кои сметаат дека сепак глобализацијата ќе има повеќе негативни ефекти врз вработувањето и компаниите. Што се однесува до невработените и нивната перцепција за ефектите од глобализацијата, 45% од нив се оптимисти и во глобализцијата гледаат добра можност, 33% се скептични и не се надеваат дека таа ќе придонесе за повеќе вработувања и 22% не знаеле како да одговорат на прашањето, што е своевидна индикација дека последиците од глобализацијата за невработените во земјава стануваат сé понеизвесни.

### 6.4. Како земјата да се соочи со глобалните предизвици?

**• Домашната и европската јавност со слични ставови за борбата на општеството против глобалните предизвици**

**Табела број 27**

| **QC3 На кои две нешта општеството треба да стави акцент за да се соочи со главните глобални предизвици?** | **EU27**<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | **MK**<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | **HR**<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 | **TR**<br>ЕБ 71.3 јуни 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Заштита на животната средина | *36%* | *30%* | *25%* | *23%* |
| Социјална еднаквост/солидарност | 45% | 49% | 55% | 37% |
| Слободна пазарна економија | 31% | 48% | 39% | 18% |
| Културна разновидност/отвореност | 14% | 13% | 12% | 17% |
| Прогрес и иновација | 35% | 22% | 32% | 41% |
| Традиции | 11% | 8% | 13% | 10% |
| Друго | 1% | 1% | 0% | 1% |
| Ниедно | 1% | 0% | 0% | 1% |
| Не знае | 5% | 4% | 4% | 12% |

Резултатите покажуваат единственост на јавноста и во земјите-членки на ЕУ и во земјите-кандидатки во ставот дека една од најважните мерки која општеството треба да ја преземе за да се ублажат негативните ефекти од глобализацијата е воспоставувањето социјалната еднаквост и солидарност. Ваквите резултати зборуваат дека јавноста е свесна за неминовната нееднаквост во економската моќ на граѓаните која ја носи борбата за профит, како и за зголемувањето на сиромашните слоеви за сметка на богатите. Од анкетираните граѓани на ЕУ, високи 45% сметаат дека солидарноста и социјалната еднаквост се нешта на кои општеството треба да стави акцент. На второ место тие ги рангираат заштитата на животната средина (36%), прогресот и иновацијата (35%) и слободната пазарна економија (31%) со цел подобрување на можностите за развој на економијата и на квалитетот на живот. Индикативно е тоа што јавноста

во Европа става помал акцент на културната разновидност (14%) и традицијата (11%). Вака добиените резултати покажуваат дека земјите-членки на Унијата не ја доживуваат глобализацијата како потенцијална закана за губење на традициите и културниот идентитет.

Резултатите од анализата покажуваат дека домашната јавност скоро подеднаква важност им дава и на социјалната нееднаквост и солидарност (49%) и на слободната пазарна економија (48%). Како земја која проаѓа низ тегобен транзициски период и која се бори за членство во Унијата, разликите во социјалната структура стануваат се поочигледни и поизразени. Третина од граѓаните на земјава сметаат дека општеството треба да стави акцент на заштитата на животната средина, додека 22% го избираат прогресот и иновацијата.

Анализата на резултатите покажува дека и кај земјите на ЕУ и кај земјите-кандидатки расте свесноста за ефектите на глобализацијата. Индикативно е тоа што сите имаат генерално исто размислување во која насока треба да делува општеството за да се санираат неизбежните негативни појави на овој процес.

Во хрватската јавност, прворангирана е социјална еднаквост и солидарност (55%), на второ место е слободната пазарна економија (39%), како нешта на коишто општеството треба да им посвети најголемо внимание. Потоа следуваат прогресот и иновацијата (32%) и заштитата на животната средина (25%). Во Турција највисоко се рангирани прогресот и иновацијата (41%), а следуваат социјалната еднаквост (37%) и заштитата на животната средина (23%). Во Турција е најголем процентот на анкетирани кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (12%), што е индикатор за неизвесноста околу сите негативни ефекти кои ги носи глобализацијата и немањето доволно јасна претстава и свесност за моќта на општеството во борбата против нив.

**Социо-демографската анализа покажува дека** во земјава менаџерите сметаат дека во борбата против глобалните предизвици главен приоритет на општеството треба да бидат прогресот и иновациите. Сепак, половина од анкетираните сметаат дека најважен проблем е социјалната нееднаквост. Од нив, 49% се рангирале себеси ниско на социјалната скала, 46% се невработени, додека 46% често имаат потешкотии во плаќањето на сметките.

## Заклучок

**- Климата во јавното мислење** Перцепцијата на актуелната општествена ситуација од страна на граѓаните опфатени со Евробарометарот, во првата половина од 2009 остана под силно влијание на соочувањето со кулминацијата на светската економска и финансиска криза. По првиот шок следуваше период на стагнација, во кој јавноста е во исчекување за натамошниот развој на кризата.

Притисокот на кризата врз стандардот на граѓаните особено е изразен кај семејствата кои имаат тешкотии со плаќање на сметките на крајот од месецот. Во посиромашните семејства владее атмосфера на бесперспективност затоа што не се во состојба да прават планови за иднината – живеат од ден за ден (71% МК; 72% ЕУ). И покрај оваа сличност, климата во јавното мислење во земјава и земјите на ЕУ27 се разликува. Во земјава речиси трипати повеќе семејства најчесто имаат проблеми со плаќање на сметките во однос на просекот на ЕУ (31%; 11%).

Атмосферата на разочараност во јавноста, како во земјата така и во Унијата, се рефлектира во намалена склоност на граѓаните да им веруваат на националните влади и парламенти.

**- Перцепција на можностите за излез од кризата** Последниот Евробарометар покажа дека во јавноста постои широко распространето мислење дека националните економии се погодени од светската криза (69% МК; 85% ЕУ27).

Јавноста опфатена со Евробарометарот е поделена во однос на прашањето кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против последиците од кризата. За ниедна меѓународна институција или организација не се определил позначаен дел од јавноста во земјите каде е спроведено истражувањето, што укажува на фактот дека кај граѓаните постои конфузија во однос на можностите за преземање ефикасни мерки за надминување на кризата.

Најновиот Евробарометар покажува дека е широко распространета загриженоста помеѓу граѓаните дека е тешко да се најде добра работа, дури и со високи квалификации (93% во земјава и 80% во ЕУ27). Овој скептицизам е проследен и со стравот од губење на работните места (во земјава 70% а во Унијата 47% анкетирани се убедени дека работните места се несигурни).

.

**- Како граѓаните гледаат на членството во ЕУ** И покрај незадоволството од забавеното движење кон датум за преговори, домашната јавност и натаму оптимистички гледа на процесот на интеграција во Унијата, како на шанса за излез на земјава од долгогодишната стагнација. Околу три четвртини од граѓаните остануваат расположени за влез на земјава во Унијата (74%; 75%).

**- Чувствата кон ЕУ и идентитет** Процентот на граѓани во земјата со позитивни чувства кон ЕУ е поголем од просекот на граѓани во земјите членки на Унијата (59%; 45%). Европската Унија буди позитивна слика кај граѓаните на домашната јавност во поголем број и во однос на дргите две земји-кандидатки, Хрватска и Турција (28%; 46%). Но, во домашната јавност е широко распространето чувството на неприфатеност од ЕУ. Големо мнозинство граѓани сметаат дека нивниот глас (65%), како и гласот на земјава (63%) не се земаат предвид во ЕУ.

За домашната јавност, најважните елементи на европскиот идентитет се демократските вредности (36%) и високото ниво на социјална заштита (30%). За граѓаните на на 27-те земји-членки на Унијата, централен елемент на европскиот идентитет се демократските вредности (41%),

**- Иднината на Европската Унија** Најновиот Евробарометар покажува дека јавноста во земјата изразува за 10 процентни поени повеќе оптимизам за иднината на Европската Унија во однос на просекот на земјите-членки (74%; 64%). Во периодот кога земјава како и Унијата поминува низ искушенијата на глобалната криза, бројот на припадници на домашната јавност кои со оптимизам гледаат на иднината на Европската Унија спласнал за девет процентни поени во споредба со пролетниот Евробарометар од 2008 година (83%; 74%).

Граѓаните во земјава сметаат дека животот во ЕУ по 2030 година ќе биде полесен. Нивниот број е за цели 19 процентни поени поголем од европскиот просек (47%; 28%). Граѓаните во земјава имаат пооптимистични ставови и во споредба со останатите две земји- кандидатки Хрватска и Турција (31%; 39%).

**- Предизвиците на глобализацијата** Летниот Евробарометар 2009 покажува дека во јавноста на земјите на ЕУ се проширува ставот дека глобализацијата придонесува за економски развој (56%; 59%). Домашната јавност и натаму во глобализацијата гледа перспектива за брз економски развој (66%; 66%).

Цената на позитивните ефекти од глобализацијата, според анкетираните, е зголемувањето на социјалните нееднаквости меѓу луѓето. Перцепцијата за ова негативното влијание на глобализацијата се зголемува и кај домашната јавност (53%; 64%) и во Унијата (56%; 62%). Домашната јавност (61%) покажува поголема верба во мерките кои ги презема ЕУ за заштита на граѓаните од негативните ефекти на глобализацијата во однос на просекот во ЕУ27 (47%).

# EUROBAROMETER 71.3
## TECHNICAL SPECIFICATIONS

Between the 12th of June and the 6th of July 2009, TNS Opinion & Social, a consortium created between TNS plc and TNS opinion, carried out wave 71.3 of the EUROBAROMETER, on request of the EUROPEAN COMMISSION, Directorate-General for Communication, "Research and Political Analysis".

The EUROBAROMETER 71.3 covers the population of the respective nationalities of the European Union Member States, resident in each of the Member States and aged 18 years and over (16 years and over in Austria). The basic sample design applied in all states is a multi-stage, random (probability) one. In each country, a number of sampling points was drawn with probability proportional to population size (for a total coverage of the country) and to population density.

In order to do so, the sampling points were drawn systematically from each of the "administrative regional units", after stratification by individual unit and type of area. They thus represent the whole territory of the countries surveyed according to the EUROSTAT NUTS II (or equivalent) and according to the distribution of the resident population of the respective nationalities in terms of metropolitan, urban and rural areas. In each of the selected sampling points, a starting address was drawn, at random. Further addresses (every Nth address) were selected by standard "random route" procedures, from the initial address. In each household, the respondent was drawn, at random (following the "closest birthday rule"). All interviews were conducted face-to-face in people's homes and in the appropriate national language. As far as the data capture is concerned, CAPI (*Computer Assisted Personal Interview)* was used in those countries where this technique was available.

| ABBREVIATIONS | COUNTRIES | INSTITUTES | N° INTERVIEWS | FIELDWORK DATES | | POPULATION 15+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| BE | Belgium | TNS Dimarso | 983 | 15/06/2009 | 07/07/2009 | 8.786.805 |
| BG | Bulgaria | TNS BBSS | 1.023 | 12/06/2009 | 22/06/2009 | 6.647.375 |
| CZ | Czech Rep. | TNS Aisa | 1.094 | 13/06/2009 | 26/06/2009 | 8.571.710 |
| DK | Denmark | TNS Gallup DK | 1.012 | 12/06/2009 | 02/07/2009 | 4.432.931 |
| DE | Germany | TNS Infratest | 1.521 | 17/06/2009 | 03/07/2009 | 64.546.096 |
| EE | Estonia | Emor | 1.006 | 12/06/2009 | 02/07/2009 | 887.094 |
| IE | Ireland | TNS MRBI | 1.006 | 17/06/2009 | 02/07/2009 | 3.375.399 |
| EL | Greece | TNS ICAP | 1.000 | 12/06/2009 | 02/07/2009 | 8.691.304 |
| ES | Spain | TNS Demoscopia | 1.002 | 16/06/2009 | 03/07/2009 | 38.536.844 |
| FR | France | TNS Sofres | 1.038 | 12/06/2009 | 30/06/2009 | 46.425.653 |
| IT | Italy | TNS Infratest | 1.036 | 13/06/2009 | 01/07/2009 | 48.892.559 |
| CY | Rep. of Cyprus | Synovate | 505 | 12/06/2009 | 30/06/2009 | 638.900 |
| LV | Latvia | TNS Latvia | 1.008 | 12/06/2009 | 30/06/2009 | 1.444.884 |
| LT | Lithuania | TNS Gallup Lithuania | 1.016 | 12/06/2009 | 25/06/2009 | 2.846.756 |
| LU | Luxembourg | TNS ILReS | 530 | 17/06/2009 | 06/07/2009 | 388.914 |
| HU | Hungary | TNS Hungary | 1.004 | 13/06/2009 | 01/07/2009 | 8.320.614 |
| MT | Malta | MISCO | 500 | 12/06/2009 | 29/06/2009 | 335.476 |
| NL | Netherlands | TNS NIPO | 1.000 | 12/06/2009 | 03/07/2009 | 13.017.690 |
| AT | Austria | Österreichisches Gallup-Institut | 1.015 | 12/06/2009 | 03/07/2009 | 7.004.205 |
| PL | Poland | TNS OBOP | 1.000 | 18/06/2009 | 02/07/2009 | 32.155.805 |
| PT | Portugal | TNS EUROTESTE | 1.010 | 16/06/2009 | 03/07/2009 | 8.080.915 |
| RO | Romania | TNS CSOP | 1.012 | 12/06/2009 | 23/06/2009 | 18.246.731 |
| SI | Slovenia | RM PLUS | 1.012 | 12/06/2009 | 28/06/2009 | 1.729.298 |
| SK | Slovakia | TNS AISA SK | 1.065 | 13/06/2009 | 30/06/2009 | 4.316.438 |
| FI | Finland | TNS Gallup Oy | 1.012 | 16/06/2009 | 06/07/2009 | 4.353.495 |
| SE | Sweden | TNS GALLUP | 1.068 | 14/06/2009 | 03/07/2009 | 7.562.263 |
| UK | United Kingdom | TNS UK | 1.352 | 12/06/2009 | 28/06/2009 | 50.519.877 |
| TOTAL | | | 26.830 | 12/06/2009 | 06/07/2009 | 453.722.173 |

For each country a comparison between the sample and the universe was carried out. The Universe description was derived from Eurostat population data or from national statistics offices. For all countries surveyed, a national weighting procedure, using marginal and intercellular weighting, was carried out based on this Universe description. In all countries, gender, age, region and size of locality were introduced in the iteration procedure. For international weighting (i.e. EU averages), TNS Opinion & Social applies the official population figures as provided by EUROSTAT or national statistic offices. The total population figures for input in this post-weighting procedure are listed above.

Readers are reminded that survey results are estimations, the accuracy of which, everything being equal, rests upon the sample size and upon the observed percentage. With samples of about 1,000 interviews, the real percentages vary within the following confidence limits:

| **Observed percentages** | 10% or 90% | 20% or 80% | 30% or 70% | 40% or 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Confidence limits** | ± 1.9 points | ± 2.5 points | ± 2.7 points | ± 3.0 points | ± 3.1 points |

| QA1 | Општо земено, дали сте многу задоволни, донекаде задоволни, донекаде незадоволни или воопшто незадоволни со животот кој го живеете? |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ)

| | (191) |
|---|---|
| Многу задоволни | 1 |
| Донекаде задоволни | 2 |
| Донекаде незадоволни | 3 |
| Воопшто незадоволни | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

EB70.1 QA3

*

| QA2 a | Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните работи? |
|---|---|

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Многу добра | Донека де добра | Донекаде лоша | Многу лоша | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (192) | 1 | Ситуацијата во домашната економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (193) | 2 | Ситуацијата на европската економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (194) | 3 | Ситуацијата на светската економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (195) | 4 | Вашата лична ситуација поврзана со работата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (196) | 5 | Финансиската ситуација на Вашето домаќинство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (197) | 6 | Ситуацијата со вработеноста во нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (198) | 7 | Ситуацијата со животната средина во нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

EB71.1 QA3a (ITEMS 1 TO 6) + EB70.1 QA4a (ITEM 7)

*

*

| QA3 a | Какви се Вашите очекувања за следните 12 месеци: дали во следните 12 месеци ќе биде подобро, полошо или исто, кога станува збор за ...? |
|---|---|

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Подобр о | Полошо | Исто | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (206) | 1 | Вашиот живот воопшто | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (207) | 2 | Економската ситуација во нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (208) | 3 | Финансиската ситуација во Вашето домаќинство | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (209) | 4 | Состојбата со вработеноста во нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (210) | 5 | Вашата лична ситуација во врска со работата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (211) | 6 | Економската ситуација во ЕУ | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (212) | 7 | Економската ситуација во светот | 1 | 2 | 3 | 4 |

EB71.1 QA4a

*

*

| | |
|---|---|
| QA4 a | Според Вас, кои се двате најважни прашања со кои земјата се соочува во овој момент? |

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - НАЈМНОГУ 2 ОДГОВОРИ)

| | **(220-237)** |
|---|---|
| Криминалот | 1, |
| Економската ситуација | 2, |
| Пораст на цените / инфлацијата | 3, |
| Оданочувањето | 4, |
| Невработеноста | 5, |
| Тероризмот | 6, |
| Одбраната \ Надворешните работи | 7, |
| Станбеното прашање | 8, |
| Имиграцијата | 9, |
| Здравствениот систем | 10, |
| Образовниот систем | 11, |
| Пензиите | 12, |
| (ПРАШАЈТЕ САМО ПРИМЕРОК А) Заштитата на животната средина | 13, |
| (ПРАШАЈТЕ САМО ПРИМЕРОК Б) Животната средина | 14, |
| Енергијата | 15, |
| Ниедно (СПОНТАНО) | 16, |
| Друго (СПОНТАНО) | 17, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 18, |

EB71.1 QA5a TREND MODIFIED

| | |
|---|---|
| QA5 a | И лично, кои се двата најважни проблеми со кои се соочувате во моментов? |

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - НАЈМНОГУ 2 ОДГОВОРИ)

| | **(238-255)** |
|---|---|
| Криминалот | 1, |
| Економската ситуација | 2, |
| Порастот на цените / инфлацијата | 3, |
| Оданочувањето | 4, |
| Невработеноста | 5, |
| Тероризмот | 6, |

| | |
|---|---|
| Одбраната \ Надворешните работи | 7, |
| Станбеното прашање | 8, |
| Имиграцијата | 9, |
| Здравствениот систем | 10, |
| Образовниот систем | 11, |
| Пензиите | 12, |
| (ПРАШАЈТЕ САМО ПРИМЕРОК А) Заштитата на животната средина | 13, |
| (ПРАШАЈТЕ САМО ПРИМЕРОК Б) Животната средина | 14, |
| Енергијата | 15, |
| Ниедно (СПОНТАНО) | 16, |
| Друго (СПОНТАНО) | 17, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 18, |

EB71.1 QA5b TREND MODIFIED

*

2) ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ЕУ

ПРАШАЈТЕ QA6a и QA7a САМО ВО ЕУ27 – НАШАТА ЗЕМЈА, ТУРЦИЈА И ХРВАТСКА ОДАТ НА QA6b - КИПАР (турскиот дел) ОДИ НА QA6c

ПРАШАЈТЕ QA6b и QA7b САМО ВО НАШАТА ЗЕМЈА, ТУРЦИЈА И ХРВАТСКА - ЕУ27 ОДАТ НА QA8a - КИПАР (турскиот дел) ОДИ НА QA6c

| | |
|---|---|
| QA6b | Општо земено, дали сметате дека членството на нашата земја во Европската Унија би било ...? |

(ПРОЧИТАЈТЕ)

| | **(294)** |
|---|---|
| Добра работа | 1 |
| Лоша работа | 2 |
| Ниту добра, ниту лоша работа | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB71.1 QA6b

| | |
|---|---|
| QA7b | Имајќи ги предвид сите работи, дали би рекле дека нашата земја би имала корист или би немала корист од членството во Европската Унија? |

| | **(295)** |
|---|---|
| Би имала корист | 1 |
| Би немала корист | 2 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 3 |

EB71.1 QA7b

*

*

| | |
|---|---|
| QA8a | Во овој момент, дали би рекле дека, општо земено работите одат во правилна насока или во погрешна насока во...? |

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Правилна насока | Погрешна насока | Ниту едното, ниту другото (СПОНТАНО) | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (298) 1 | Нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (299) 2 | Европската Унија | 1 | 2 | 3 | 4 |

EB71.1 QA8a TREND MODIFIED

*

*

| QA9 | Би сакал(а) да Ве прашам колку им верувате на одредени институции. За секоја од следните институции, кажете ми дали сте склони да и верувате или сте склони да не и верувате. |
|---|---|

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Склони да верувате | Склони да не верувате | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|
| (302) 1 | Правосудството / Домашниот правен систем | 1 | 2 | 3 |
| (303) 2 | Политичките партии | 1 | 2 | 3 |
| (304) 3 | Националната Влада | 1 | 2 | 3 |
| (305) 4 | Националниот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (306) 5 | Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (307) 6 | Обединетите Нации | 1 | 2 | 3 |

EB71.1 QA9 (items 3-5) + EB70.1 QA12 (items 1-2,6)

ПРАШАЈТЕ ГИ СИТЕ

| QA10 | Општо земено, дали Европската Унија кај Вас буди многу позитивна, донекаде позитивна, неутрална, донекаде негативна или многу негативна слика? |
|---|---|

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | (308) |
|---|---|
| Многу позитивна | 1 |
| Донекаде позитивна | 2 |
| Неутрална | 3 |
| Донекаде негативна | 4 |
| Многу негативна | 5 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 6 |

EB71.1 QA10

| QA11 | Што за Вас лично значи Европската Унија? |
|---|---|

| (ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ - РОТИРАЈТЕ ОД ГОРЕ НАДОЛУ / ОД ДОЛУ НАГОРЕ) |
|---|

| | (309-324) |
|---|---|
| Мир | 1, |
| Економски просперитет | 2, |
| Демократија | 3, |
| Социјална заштита | 4, |
| Слобода да се патува, студира и работи насекаде во ЕУ | 5, |
| Културна разноликост | 6, |
| Посилна позиција во светот | 7, |
| Евро | 8, |
| Невработеност | 9, |
| Бирократија | 10, |
| Залудно трошење пари | 11, |
| Губење на нашиот културен идентитет | 12, |
| Повеќе криминал | 13, |
| Нема контрола на надворешните граници | 14, |
| Друго (СПОНТАНО) | 15, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 16, |

| EB70.1 QA14 |
|---|

| ВО НАШАТА ЗЕМЈА, ХРВАТСКА И ТУРЦИЈА ПРАШАЈТЕ ГИ САМО ОДГОВОРИТЕ 3,4,5 и 6 |
|---|

| QA12a | Кажете ми за секоја изјава, дали би сте се согласиле или не би се согласиле? |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Би се согласиле | Не би се согласиле | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (327) | 3 | Мојот глас значи нешто во Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (328) | 4 | Мојот глас се зема предвид во нашата земја | 1 | 2 | 3 |
| (329) | 5 | Го разбирам начинот на кој функционира Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (330) | 6 | Гласот на нашата земја се зема предвид во ЕУ | 1 | 2 | 3 |

| EB70.1 QA15a TREND MODIFIED |
|---|

| * |
|---|

| ПРАШАЈТЕ ГИ СИТЕ |
|---|

| QA13 | Дали сте чуле за...? |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Да | Не | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (336) | 1 | Европскиот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (337) | 2 | Европската Комисија | 1 | 2 | 3 |
| (338) | 3 | Европската Централна банка | 1 | 2 | 3 |

| EB70.1 QA16 TREND MODIFIED |
|---|

| QA14 | За секое од следните европски тела, кажете ми дали сте склони да му верувате или сте склони да не му верувате? |
|---|---|

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Склони да верувате | Склони да не верувате | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (339) | 1 | Европскиот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (340) | 2 | Европската Комисија | 1 | 2 | 3 |
| (341) | 3 | Европската Централна банка | 1 | 2 | 3 |

EB71.1 QA11

| QA15 | Кое е Вашето мислење за секоја од следните изјави? Кажете ми за секоја изјава дали сте за или против. |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ) | За | Против | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (342) | 1 | Европската Монетарна Унија со една, единствена валута, еврото | 1 | 2 | 3 |
| (343) | 2 | Понатамошно проширување на ЕУ за да се вклучат и други земји во наредните години | 1 | 2 | 3 |
| (344) | 3 | Брзината на градење на Европа е поголема во една група земји, а помала во другите земји | 1 | 2 | 3 |

EB70.1 QA27 TREND MODIFIED

| QA16 | За секоја од следниве области, ве молам кажете ми, дали сметате дека повеќе одлуки би требало да се донесуваат на европско ниво или напротив, дека помалку одлуки треба да се донесуваат на европско ниво? |
|---|---|

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Повеќе одлуки донесувани на Европско ниво | Помалку одлуки донесувани на Европско ниво | Не се потребни промени (СПОНТАНО) | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (345) | 1 | Борба со невработеноста | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (346) | 2 | Заштита на социјалните права | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (347) | 3 | Обезбедување на економски раст | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (348) | 4 | Борба против организираниот криминал | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (349) | 5 | Борба против тероризмот | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (350) | 6 | Безбедност на храната | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (351) | 7 | Заштита на животната средина | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (352) | 8 | Управување со главните прашања во здравството | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (353) | 9 | Еднаков третман на мажите и жените | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (354) | 10 | Поддршка на земјоделството | 1 | 2 | 3 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (355) | 11 | Промовирање на демократија и мир во светот | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (356) | 12 | Соработка во полето на истражување и иновации | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (357) | 13 | Обезбедување на енергија | 1 | 2 | 3 | 4 |

EB65.1 QA8 TREND MODIFIED

| | |
|---|---|
| QA17 | Користејќи скала од 1 до 10, како би ја процениле работата на Европската Унија во секоја од следниве области? '1' значи дека работата на Европската Унија во специфична област 'воопшто не е задоволителна', а '10' значи дека нејзината работа е 'многу задоволителена'. |

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | 1 Воопшто незадоволително | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 Многу задоволителна | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (358-359) | 1 | Борба со невработеноста | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (360-361) | 2 | Заштита на социјалните права | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (362-363) | 3 | Обезбедување на економски раст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (364-365) | 4 | Борба против организираниот криминал | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (366-367) | 5 | Борба против тероризмот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (368-369) | 6 | Безбедност на храната | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (370-371) | 7 | Заштита на животната средина | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (372-373) | 8 | Управување со главните прашања во здравството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (374-375) | 9 | Еднаков третман на мажите и жените | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (376-377) | 10 | Поддршка на земјоделството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (378-379) | 11 | Промовирање на демократија и мир во светот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (380-381) | 12 | Соработка во полето на истражување и иновации | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| (382-383) | 13 | Обезбедување на енергија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |

EB65.1 QA13 TREND MODIFIED

ПРАШАЈТЕ QA18a КАЈ ДЕЛ А - ДРУГИТЕ ОДАТ НА QA18b

| | |
|---|---|
| QA18a | Европската интеграција се фокусираше на различни прашања во изминатите години. Според Вас, кои аспекти треба да ги нагласат европските институции во наредните години, за да се зајакне Европската Унија во иднина? |

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ - НАЈМНОГУ 3 ОДГОВОРИ)

| | (384-401) |
|---|---|
| Домашниот пазар | 1, |
| Политиката за култура | 2, |
| Европската надворешна политика | 3, |
| Европската одбранбена политика | 4, |
| Имиграционите прашања | 5, |
| Европската образовна политика | 6, |
| Прашањата поврзани со животната околина | 7, |
| Енергетските прашања | 8, |
| Солидарноста со посиромашни региони | 9, |
| Научните истражувања | 10, |
| Социјалните и здравствените прашања | 11, |
| Борбата против криминалот | 12, |
| Борба против климатските промени | 13, |
| Економски прашања | 14, |
| Транспортна и енергетска инфраструктура | 15, |
| Друго (СПОНТАНО) | 16, |
| Ниедно (СПОНТАНО) | 17, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 18, |

EB71.1 QA16

ПРАШАЈТЕ QA18b КАЈ ПРИМЕРОК Б - ДРУГИТЕ ОДАТ НА QA19

| | |
|---|---|
